„АЛО - ПЕНЗИОНЕРСКИ ПРАШАЊА“
СЕКОЈ ВТОРНИК И ЧЕТВРТОК ОД 10 ДО 12 ЧАСОТ
02/3213 227

25 февруари 2022 година
број 162-163

СЗПМ
БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК ЗА СЕГАШНИ И ЗА ИДНИ ПЕНЗИОНЕРИ

# ПЕНЗИОНЕР плус

Година XV Излегува еднаш месечно
www.szpm.org.mk e-mail: vesnik@szpm.org.mk СЗПМ тел. 02 3223 710

ISSN 1857-7660

NLB Banka

## Многу барања, иницијативи и предлози, но од одговорите не сме задоволни

Согласно со Законот за здруженија и фондации, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија како **автентичен субјект** во заштита на правата и интересите на пензионерите, редовно поднесува иницијативи и предлози до надлежните органи за решавање на прашања кои се во интерес на корисниците на пензија. На пензионерите им е јасно дека барањата тешко се остваруваат, но Сојузот ќе продолжи тоа континуирано да го прави надевајќи се дека позитивни одговори ќе има.

**Поднесувањето повеќе предлози односно барања имаа цел да се влијае на јавното мислење и може да се каже дека позитивно влијание има во однос на промената на формулата за усогласување на пензиите бидејќи сериозно од Владата и државните институции се најавува дека истите ќе ги имаат предвид. Меѓутоа, кога станува збор за здравственото осигурување и подобрување на здравствената заштита ќе мора нашите барања да се повторат и тоа нема да го правиме затоа што сме возрасни и забораваме, туку со цел тие барања да допрат до оние субјекти кои треба по нив да постапат.**

Пензионерите знаат дека за време на својот работен век, пред да заминат во пензија, редовно го уплатувале придонесот за здравство, а многу малку услуги користеле од здравственото осигурување. И сега како пензионери исто така, при исплата на пензиите Фондот на ПИОСМ уплатува придонес за здравствено осигурување кој месечно изнесува 13% (678.129.051) од вкупниот износ на средства за месечна исплата на пензиите кои средства се најсигурен приход на Фондот за здравствено осигурување на Македонија. Затоа, слободно може да се каже дека сега кога заради годините имаат потреба од поголема здравствена заштита, пензионерите не бараат никаква милост туку како возрасна популација која како бројка изнесува околу 328.000 пензионери, вложила многу, за да има достоинствен живот во третата доба.

Токму, заради тоа, во статутите на Сојузот и во статутите на здруженијата, утврдена е потребата и обврската на Министерството за здравство и Фондот за здравство за поквалитетна здравствена заштита, како на државно така и на локално ниво. Во нивните програми значајно место има областа здравственото осигурување и здравствената заштита, со првенствено барање пензионерите **по навршени 65 години да бидат ослободени од сите видови партиципација** (од дијагностика преку превентива до болничко лекување) право кое во минатото било подигнато на степен на Закон и го имале пензионерите!

До сега, во изминатиот период, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија поднесе барање до Министерството за здравство **под број 03-02/380 од 5.11.2021** година пензионерите кои имаат пензија до 18.000 денари да бидат ослободени од средства за болничка партиципација.

Сојузот поднесе и Иницијатива до Собранието на Република Северна Македонија **(број 03-02/10 од 20.1.2021 година)** за донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување со предлог за користење на **здравствена услуга: негување на болен родител - член на семејството најмногу до 30 дена.** Одговорот на ова барање е дека треба пред тоа да се преиспита целисходноста и економската оправданост на конкретниот предлог: надоместот на плата да се исплатува од средствата на задолжително здравствено осигурување, во случај на нега на старите родители, заради крајно хуман аспект на овој предлог. Оваа Иницијатива, по мислење на Сојузот несомнено е општествена целисходност и економска рационалност ако се земе предвид дека тоа решение би било своевидна превентива, граѓанинот пензионер да добие здравствена нега во сопствениот дом наместо да биде стациониран во соодветна установа или дом за стари лица. Децата само со користење на паричен надоместок до 30 дена ќе ја пружат негата на својот родител кога нивното присуство е најпотребно, што е исплатливо, но и длабоко хумано право.

Листата на потребна здравствена заштита на пензионерите е долга. Многу значајно за пензионерите е потребата од нивелирање и ажурирање на Позитивната листа на лекови во која ќе бидат содржани поквалитетни и поонови лекови што најмногу ќе им помогне на пензионерите со ниски пензии. Се ветуваше дека оваа задача ќе ја завршат надлежните, па дури и со ветување дека листата на лекови ќе биде доставувана на Комисијата за здравство и социјална политика во Сојузот за да даде и таа мислење. Ако земјите во нашето опкружување Позитивната листа на лекови ја ажурираат на месец дена, тогаш се поставува прашањето во што е проблемот што тоа не се случува во нашата земја!!! Дали можеби и за оваа работа треба да побараме стручна помош од надвор?!

Амбициите и барањата да се унапреди здравственото осигурување продолжија со писмено барање од Сојузот, во рамките на здравствените домови да функционира стоматолошка пензионерска амбуланта каде што пензионерите би добивале едноставна и брза протетичка услуга. За овие услуги се јавуваат да партиципираат како волонтери и лекари-стоматолози и студенти при крајот на своите студии. За потсетување, за овие услуги постоеле амбуланти кои биле од голема помош за пензионерите, но денес ги нема!

Како да останеме индиферентни и да не го кренеме нашиот глас, кога Сојузот поднесува барање **(бр. 03-02/374 од 2.11.2021)** да се дополни Правилникот за добивање бесплатна инвалидска количка потребна поради болест или паѓање односно повреда на пензионерот заради старост, а во одговорот на ова барање се наведува дека треба пред тоа да се преиспита и оцени медицинската и економската оправданост и да се утврди колкав е бројот на барателите за тоа право?!

Последно барање **(бр. 03-02/12 од 20.1.2022 година)** од пензионерите е за поддршка во Универзитетскиот стоматолошки центар Св. Пантелејмон – Скопје да се постави лифт, бидејќи пензионерите тешко се искачуваат по стрмните скали.

Потреби и барања има многу, а за дел од нив дури и не треба вложување на големи средства. На, крајот ќе набројам само дел од нив: Сојузот преку Комисијата за здравство и социјална политика упорно бара во сите рурални средини истовремено да фукционира теренски лекар и подвижна аптека бидејќи само така може да се постигне целта и пензионерите да добијат здравствена услуга без да одат в град. Ако во руралните средини има само посета од лекар, а не и мобилна аптека не сме му помогнале на старото лице бидејќи ќе мора да оди до градот да ги набави лековите.

Сите овие барања не би требало да останат во фиоките или на нив да се добијат вообштени одговори, и дека со тоа како да е завршена работата и даден е одговор.

Кога станува збор за возрасните лица, граѓанинот пензионер заслужува особена почит и треба да има предност во амбулантите, болниците и другите здравствени установи. Нехумано е пензионерите и старите лица да бидат дискриминирани кога бараат „Брза помош“ да ги прашуваат колку години имаат. Тоа се работи за кои не се потребни средства туку треба да се смени односот кон старите лица кои се наши родители, баби и дедовци, пријатели...

На крајот како заклучок и како порака до сите граѓани и до сите институции од оваа област е дека **нашиот активизам не завршува тука, туку напротив сите овие и уште други барања ќе бидат обновувани и испраќани до надлежните институции. Веруваме дека ќе најдеме заедничко разбирање со сите нив, а особено со новата Влада, Премиерот и Министерот за здравство.**

Во овој контекст пред некој ден со допис број **03-2/13 од 20.1.2022** година честитајќи му ја министерската функција на новиот министер Беким Сали, го поканивме на средба во Сојузот со цел да ја продолжиме традицијата и практиката министерот за здравство да дојде на средба во Сојузот, за да ги слушне нашите барања и проблеми во врска со здравствената заштита, значајни за пензионерите, кои претставуваат најмногубројна целна група за Министерството за здравство.

**Станка Трајкова,**
**претседател на**
**Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија**




### ВО ОВОЈ БРОЈ...

АКТИВНОСТИ стр. 2 и 3 и 4



ЛИЧНА КАРТА НА ЗП ШТИП стр. 5

ДА СЕ ПОТСЕТИМЕ! стр. 7

АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ стр. 8 и 9

КУЛТУРА стр. 10

ПАНОРАМА стр. 11

ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 12

ЗДРАВСТВО стр. 13

ЗАБАВА стр. 15

ВАКЦИНАЦИЈАТА НАДЕЖ ЗА ЗАЕДНИЧКИ СРЕДБИ стр. 16

**ЌЕ ИЗЛЕЗАТ**
**17 март**
**- Прилог за пензионери во „Коха“**
**25 март**
**„Пензионер плус“**

Вашата пензија секогаш на први во месецот.
НЛБ Сребрен пакет
NLB Banka

# Програмата за 2022 на СЗПМ сеопфатна и богата

На 23.12.2021 година се одржа последната седница на Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија за 2021 година. Заради оправдано отсуство на претсе–дателот на Собранието м–р Илија Адамоски, седницата ја раководеше Ѓорге Андонов, член на Собранието. На седницата најпрво се обрати претседателката на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Станка Трајкова, која ги поздрави присутните навестувајќи им дека пред да почнат со работа, ќе бидат врачени признанијата на присутните претседатели на здруженијата на пензионери по повод 75 години од пензионерското организирање во нашата земја, ана останатите ќе им бидат врачени на соодветни пригодни седници. На оваа седница сите не се поканети заради капацитетот на салата и мерките пропишани за заштита на здравјето од вирусот ковид 19.



Признанија добија: Димитрија Богатиноски – ЗП Солидарност–Аеродром, Ѓорѓи Серафимов – ЗП Кочани, Ѓорге Андонов – ЗП Гази Баба, Даница Петличкова – ЗП Битола, Веле Алексоски – ЗП Велес, Димитрије Димоски – ЗП Тафталиџе, Спиро Николовски – ЗП Центар, Ѓорѓи Зарински – ЗП Воени пензионери, Славко Трајкоски – ЗП Прилеп, Љупчо Димовски – ЗП Бутел, Стојан Цветков – ЗП Ново Село, Димитар Милосов – ЗП Злетово

По едногласно усвојување на предложениот дневен ред, се пристапи на усвојување на записникот од претходната седница на Собранието одржана на 8.7.2021 година.

По записникот за расправа се јави делегатот од ЗП Куманово Хулуси Салии кој потенцираше дека на претходната седница предложил да се формира комисија за екологија, која едногласно била прифатена, а сè уште не е формирана. Потоа записникот беше усвоен.

На дневен ред беше и Предлог–програмата за работа, за која концизно потенцирајќи ги главно побитните активности во 2022 година, образложение даде претседателката Трајкова која рече дека Програмата ги опфаќа целите и дејностите на Сојузот утврдени со Статутот на Сојузот како и задачите утврдени и во други акти донесени од органите и телата на Сојузот. Дека во подготвувањe на содржината на Програмата учествуваат сите комисии и тела на Собранието на СЗПМ и Извршниот одбор на СЗПМ преку своите поединечни програми, а во неа при спроведувањето посебен акцент ќе биде даден на принципите на остварливост, промоција, одговорност, инклузивност, оптимизација и друго.

– Програмата за работа претставува и основа за подготвување на финансискиот план на Сојузот. Спроведувањето на Програмата за работа за 2022 година, секако ќе зависи и од наметнатите услови од пандемијата, поради што некои активности можеби ќе се извршуваат со редуцирана содржина. По дискусиите во кои беше констатирано дека Програмата за работа на СЗПМ во 2022 година е сеопфатна и богата, се стави на гласање и истата беше едногласно усвоена.



За предлог–финансискиот план на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија за 2022 година кратко образложение даде секретарот на ИО на СЗПМ Менка Темелковска, која истакна дека во 2022 година со финансискиот план се предвидува да се остварат вкупни приходи во износ од 9.452 илјади денари за да се реализираат планираните активности на Сојузот предвидени со Програмата за работа во износ од 9.452 илјади денари.

– Во делот на приходите најобемни средства се предвидува да се остварат од приходи од членарина во износ од 8.750 илјади денари или 92,57% од вкупните приходи, а од сите останати приходи се предвидува да се остварат 702 илјади денари или 7,43%. Од донации, спонзорства и реклами. Вкупните предвидени расходи во 2022 година се за: ункционални расходи во износ од 5.020 илјади денари или 53,1%; Интелектуални услуги во износ од 1.412 илјади денари или 14,94%; и Други расходи во износ од 3.020 илјади денари или 31,95%. Финансискиот план беше предмет на разгледување и на Надзорниот одбор, и истиот беше оценет за реален согласно со потребите на Сојузот, – потенцираше Темелковска.

По финансискиот план немаше дискусија и истиот беше усвоен со еден глас против.

Според дневниот ред на седницата имаше информација за состојбите во солидарниот фонд, за што информираше претседателката Трајкова, која рече дека во 2021 година на двапати беше зголемено издвојувањето средства за солидарен фонд и тоа од 1 јануари 2021 година, кога издвојувањето се зголеми од 120 на 130 денари и од 1 мај 2021 година, кога издвојувањето се зголеми од 130 на 140 денари. И покрај тоа, поради зголемената смртност предизвикана од вирусот ковид 19, на крајот на годината останаа 3 787 неисплатена посмртна помош, којашто се исплаќа со задоцнување од два и пол месеца.

Имено во периодот јануари – декември 2021 година Фондот на пензиското и инвалидското осигурување имаше обврска за исплата на посмртна помош за 20 625 починати корисници на пензија во вкупен износ од 618.750.000 денари, меѓутоа за солидарен фонд беа акумулирани 505.136.312 денари, и на крајот на годината недостигот на средства изнесува 113.613.688 денари.

Фондот на ПИОСМ ја извршува исплатата со автоматизиран системски процес, хронолошки по датум на поднесување на барањето. За надминување на недостигот на средствата Одборот на Регистрираната организација за солидарни средства донесе одлука задршката за посмртна помош од 1 јануари да изнесува 140 денари заклучно со јунската исплата.

Последната седница на Собранието за 2021 година заврши со честитката на претседателката на СЗПМ Станка Трајкова која на присутните, но и на сите пензионери членови на СЗПМ, им посака пред сè добро здравје и активни пензионерски денови.

**К. С. А.**

39–та седница на Одборот на Регистрираната организација за солидарни средства и членарина

# Донесени времени одлуки за санирање на состојбите со исплаќање на посмртната помош

Триесет и деветтата седница се одржа на 7.2.2022 година. На седницата присуствуваа: претседателот на ОРО Ментор Ќоку и членовите Гидо Бојчевски, Џеват Палоши, Ѓорѓе Андонов, Даница Петличкова, Димитрија Богатиноски и Петар Андреевски од стручната служба на СЗПМ, а отсутен беше Томе Мазгалоски од оправдани причини. На неа присуствуваше и секретарот на СЗПМ Менка Темелковска.

Седницата ја отвори и ја водеше претседателот Ментор Ќоку кој констатираше дека има кворум за работа и за полноправно донесување на заклучоци односно одлуки на седницата. **Ментор Ќоку** – ја отвори седницата со тоа што нагласи дека ОРО е активен со своите седници од причина која ја наметнува актуелната ситуација со состојбите во солидарниот фонд, поради пандемијата и случувањата поврзани со неа.

**По усвојување на дневниот ред се разви конструктивна дискусија во која проблемот со посмртната помош беше разгледан од сите аспекти. Во своето воведно излагање претседателот Ќоку рече:**

– Секојдневно слушаме и читаме по медиумите дека бројот на починати граѓани од ковид–19 е голем. Од починатите над 90% се пензионери. Овој број не се смирува, односно ситуацијата станува алармантна. Заклучно со 31 декември 2021 година бројот на лица кои чекаат за исплата на посмртната помош за починат близок пензионер достигнала до 4 100, а 1 000 пријави чекаат на ред заради други обврски кон Фондот. При ваква ситуација ОРО е обврзан да донесе одлуки за ублажување на состојбата на солидарниот фонд: Бидејќи зголемувањето на задршката од 120 на 130 и од 130 на 140 не помогна во стабилизирање на солидарниот фонд за посмртна помош. Во меѓувреме просекот на бројот на починати пред пандемијата беше околу 1 200, а денеска таа бројка е 1 800. Оттука е зголемено и времето на чекање на исплатата на посмртната помош преку 4 месеци. Се поставува прашањето какво решение да се донесе.

Наш предлог е до крајот на месец јуни 2022 год. да се зголеми задршката за солидарниот фонд од 140 на 150 денари, како и да се изврши корекција на висината на посмртната помош од 30.000 на 25.000 денари со тоа што разликата од 5.000 денари на примателите на посмртнина ќе им биде исплатена кога ќе се створат услови за тоа, односно кога ќе се соберат доволно средства во солидарниот фонд. Сметаме дека со овој предлог ќе се намали временскиот период на чекање на исплатата и дека е подобро да се земат побрзо 25.000 денари, отколку да се чека подолг временски период за исплата на 30.000 денари. **Нагласуваме дека за Одлука на ваквиот предлог има законска основа во членот 116 точка 2 во кој се вели дека висината на солидарниот фонд за исплата на посмртната помош зависи од вкупно акумулираните средства и бројот на починатите лица, корисници на пензија.**

Од Фондот дојде еден предлог, што не е во нивна надлежност, неколку месеци да не се исплаќа членарината на Сојузите, односно на здруженијата на пензионери, која вкупно месечно изнесува 9.000.000,00 денари. Одлука за ваков предлог ОРО не може да донесе, бидејќи за тоа нема никаков законски основ и јас како претседател на ОРО истата не можам да ја потпишам. Не можеме да забраниме доколку некое здружение сака да одвои средства и да ги уплати во солидарниот фонд за посмртна помош, што би било позитивно.

Една наша анализа зборува дека во СЗПМ (ова е без инвалидските сојузи) имаме 18 здруженија на пензионери со бројка од 2 000 или вкупно 20 208 пензионери, 7 здруженија од 2 000 до 3 000 пензионери со вкупно 17 715 пензионери или скоро половина од вкупно 53 здруженија, кои би останале без никакви средства за извршување на своите активности. Од 3 000 до 5 000 членови имаме 8 здруженија со вкупно 32 798 пензионери, од 5 000 до 10 000 имаме 10 здруженија со вкупно 75 293 пензионери и над 10 000 членови имаме 10 здруженија со вкупно 137 405 пензионери. Сите 3 инвалидски сојузи со 41 активно здружение од вкупно 53 здруженија имаат 25 321 инвалидски пензионери или просечно по 618 пензионери. Има некои инвалидски здруженија кои бројат поголемо членство, но има и такви кои навистина не знаеме зошто постојат.

Ако ја усвоиме денес оваа одлука со овој предлог од 150 денари издвојување за солидарниот фонд и висината на посмртната помош од 25.000 до крајот на јуни 2022 год., односно со исплатата на јунската пензија донекаде би ја покривале денешната бројка од 1 700 – 1 800 починати месечно. Ако се намали стапката на смртност на пензионерите некако ќе придонесеме да се ублажи состојбата, односно да се намали времето на чекање на исплатата на посмртната помош која во моментов е преку 4 месеци.

**По сеопфатната дискусија одлуката беше усвоена.**

**Петар Андреевски**

ЗП Битола

# Здравјето на пензионерите во преден план

Кога би се сумирале активностите во годинава што изминува на органите и телата на ЗП Битола најнапред треба да се истакне дека најголем дел од нив беа насочени кон одржување на здравјето на пензионерите, но и постојаната соработка и комуникација со нив, се разбира со применување на сите мерки пропишани од здравствените служби. Во тој контекст беа преземени и повеќе хуманитарни акции што е перманентна определба за спроведување на членовите на Извршниот одбор и Собранието на ЗП Битола. Токму и заради тоа за попрецизни податоци по организираните активности одговори побаравме кај претседателката на Извршниот одбор Даница Петличкова и претседателот на Собранието на ЗП Битола Крсте Белевски.



– Во годинава што изминува ЗП Битола организираше повеќе активности планирани со Програмата за работа за 2021 г. во рамките на можностите условени од пандемијата со ковид–19. Во реализацијата на планираните активности на Здружението основна водилка беа целите и задачите предвидени со Законот за здруженијата, фондации и Статутот на ЗП Битола. На органите и телата на здружението главна преокупација им беше остварувањето на правата на пензионерите од пензиското и здравственото осигурување во соработка со СЗПМ. Исто така, акцент беше ставен за грижата за сместување на пензионерите во пензионерски домови. Во таа смисла во просториите на ЗП Битола беше одржана средба со претставници од СЗПМ и претседатели на повеќе здруженија, членки на Сојузот, коишто во минатото имале пензионерски домови, а кои сега се во надлежност на РС Македонија и фондот на ПИОСМ. На почетокот на годината вообичаено беше организирано запишување на огревно дрво за пензионерите и за среќа после подолг период огревното дрво беше испорачано во договорените рокови, за разлика од минатите години кога последните испораки беа реализирани во месец декември – ни рече Петличкова.

Крсте Белевски во врска со активностите на ЗП Битола ни го изнесе следното:

– Една од важните активности во изминатата година беше реализација на иницијативата за изготвување на пензионерска социјална карта. Заради објективни околности, покрај пандемијата, како и пописот на населението и локалните избори, оваа активност не можеше во целост да се заврши и истата ќе продолжи во 2022 година. Во соработка со општинската организација на Црвен крст – Битола, беа реализирани донации во храна, како и хигиенски производи на пензионерите со ниски примања. Во текот на минатата година беа давани насоки до пензионерите како да се однесуваат и заштитат во секојдневниот живот, во конкретните услови од пандемијата ковид–19. И покрај пандемијата, пензионерите од ЗП Битола зедоа учество и во спортските натпревари и музичките ревии организирани од СЗПМ. Во минатата година планираните екскурзии (пролетни и есенски) за жал не се ре–ализираа поради пандемијата. ЗП Битола изминатата година за првпат издаде 1 300 ваучери во вредност од 1.000 денари по ваучер, на пензионери со најниски пензии, а во соработка со Граѓанската организација „Ајде Македонија“ обезбеди 10 000 оброци со тежина од 250 кг, храна која беше доставена на пензионери со најниски пензии – ни изјави Крсте Белевски.

Во разговорот Петличкова го истакна и следново:

– Во летните месеци ЗП Битола донираше 500 шишиња со вода на граѓани кои на високите температури чекаа пред банките и наплатните центри. Во текот на изминатиот период беа отворени и опремени клубови на пензионери во месните ограноци во с. Буково, Кукуречани и Новаци. Собранието, Извршниот одбор и комисиите на ЗП Битола ги одржаа планираните седници предвидени во програмата за 2021 го–дина, со тоа што една седница на Собранието и 5 седници ИО беа одржани телефонски поради заштита на пензионерите од Ковид–19. Иако целокуп–ните програми за работа во наредната година целосно не се дефинирани сепак еве дел од нив:

Една од главните активности во наредната година ќе биде обезбедување на простории во месните заедници за пензионерски клубови. За таа цел раководството на ЗП Битола е во комуникација со градоначалникот Тони Коњановски и локалната самоуправа. Што се однесува до програмските активности во наредната 2022 година ЗП Битола во соработка со членовите од ограноците изготви Програма за работа и финансиски план со кои се предвидуваат активности насочени кон подобрување на состојбата на пензионерите на материјален, социјален и здравствен план со планирање на повеќе дејности за активно и здраво стареење. Доколку се подобрат здравствените состојби и во наредната година ќе се интензивира соработката со здруженијата од државата и соседството, зашто на тој начин пензионерите ги прошируваат видиците за меѓусебно запознавање и надминување на тешкотиите што ги наметнуваат годините. Максимално ќе се ангажирам да ја започнеме годината со оптимизам – потенцираше претседателката на ЗП Битола Даница Петличкова.

**Петар Ставрев**

С З П М

СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА
UNION OF PENSIONERS' ASSOCIATIONS OF MACEDONIA

Адреса: Бул. „Кочо Рацин“ бр. 14 - 1000 Скопје - Р. Македонија
Office: Bul. "Koco Racin" No. 14 - 1000 Skopje - Republic of Macedonia
ЕДБ: 4030982263086, Трансакциска с/ка: 300000000953643
Комерцијална банка-Скопје
www.szpm.org.mk kontakt@szpm.org.mk
Тел/ Phone: 3223 710; Факс / Fax: 3128 390; П. фах / Po box: 440

БРОЈ/NUMER - 03-02/42
ДАТУМ/DATE - 4.2.2022

**ДО**
**МИНИСТЕРКАТА ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
**ЈОВАНКА ТРЕНЧЕВСКА**
**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ: СОЛИДАРЕН ФОНД - ПОСМРТНА ПОМОШ И ЧЛЕНАРИНА**

Почитувана министерке,

Најпрво Ви ја честитам функцијата министер за труд и социјална политика со желба за успех и просперитет во извршувањето на министерската функција.

Се надевам дека ќе имаме успешна соработка,заеднички дијалог и партнерски однос кога е во прашање пензионерската популација, која претставува огромна целна група (328 000 пензионери).

Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија како **автентичен субјект** кој ги застапува правата и интересите на корисниците на пензија има сознание дека е подготвена „драфт“ верзија на Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Во членот 115 став 1 од постојниот ЗПИО е уредено дека на корисник на пензија, со негова согласност, му се запира дел од пензијата за обезбедување средства потребни за исплата на посмртна помош за членовите на неговото семејство и за членување во здружение на пензионери.

Најзначајна интервенција кога станува збор за пензионерското организирање е направена со дополнување на членот 115 став 2 кој гласи:

Согласноста од членот 1 на овој став корисникот на пензија ја изразува со потпишување на две посебни изјави, една изјава за запирање на дел од пензијата за обезбедување средства потребни за исплата на посмртна помош и една изјава за запирање на дел од пензијата за членување во здружение на пензионери (членарина).

Се оценува дека овој став од Законот треба **да се изостави** бидејќи прашањето на согласноста е решено во ставот 1 од членот 115, а содржината на согласноста ја определува Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина, во чија надлежност е солидарниот фонд (посмртна помош и членарина) во кој членуваат претставници од сите сојузи. **За вградување на оваа одредба која директно се однесува на пензионерското организирање воопшто не е во тек ниту е консултиран Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија со 53 членки - здруженија на пензионери, иако се работи за солидарен фонд составен од лични средства што ги издвојуваат пензионерите од своите пензии. Обрасците што се однесуваат на солидарен фонд се во надлежност на споменатиот Одбор бидејќи не се работи за остварување на право од пензиско и инвалидско осигурување и примена на Законот за општа управна постапка.**

Новиот став 2 на членот 115 од ЗПИО **е директен атак и негативно влијание** врз работењето на здруженијата на пензионерите кои постојат цели 75 години, а изворниот приход го обезбедуваат од членарината, **без да побаруваат средства од државата.**

**Би било гротескно како што е предложеното во новото законско решение „драфт“ верзијата на измените на ЗПИО солидарниот фонд на пензионерите да се изразува и искористува единствено и најважно преку посмртната помош.** Идејата и концептот на солидарноста на пензионерите е во самиот наслов на главата X Солидарен фонд – посмртна помош и членарина од каде што јасно произлегува дека посмртната помош и членарината се неминовно поврзани.

Имено, меѓусебната поврзаност е со цел да функционира остварувањето на посмртната помош преку Регистрираната организација и спроведување на сите активности во здруженијата како што се: 430 клубови на пензионери, дневни центри, одржување на пензионерските домови, ограноци, социјално–хуманитарни активности, поддршка на издавачка дејност и издаваштво, традиционални културни и спортски активности, помош на пензионерите за набавка на огревно дрво, партиципација со средства при бањско лекување, набавка на лекови, ортопедски помагала и низа други социјални и солидарни активности како и издавање на бесплатниот весник „Пензионер плус“, **што претставуваат живот за пензионерите**. Во тој контекст е и поднесување барања, иницијативи и предлози за заштита и подобрување на материјалниот статус на пензионерите. **Од изложеното произлегува дека заемноста и солидарноста на солидарниот фонд може да функционира само ако пензионерот истовремено уплатува средства за посмртна помош и членарина по негова слободно изразена волја. Околноста, на пензионерите да им се одбиваат само средства за посмртна помош, а не и членарина е некомпатибилна со начинот на управувањето на средствата за посмртна помош без нивни придонес и влијание, изразен преку членарината. Со други зборови речено ако пензионерот не е член на здружение и не уплатува членарина го губи влијанието да управува со средствата што ги издвојува за посмртна помош. Ова е затоа што со средствата од солидарен фонд одлучуваат и управуваат претставници од членовите на здружението односно сојузот.**

Со зачленување во здружение пензионерот си обезбедува помош и активности во здружението но и должност за редовно уплатување на членарината. **Потпишување на две посебни изјави претставува подвојување на пензионерите во користење на низа активности во здружението, поделба и забуна меѓу пензионерите кога некој од нив нема да може да ги користи клубовите, дневните центри и др. поради тоа што не уплатува членарина.**

Затоа, отсекогаш откако функционира солидарниот фонд пензионерите истовремено уплаќале дел од пензијата за посмртна помош и членарина со можност и да се откажат.

Функционирањето на солидарниот фонд и членарината како заемна и длабоко хумана активност му дава посебно обележје на пензионерското организирање кое трае **75 години** и непобитен факт е дека здруженијата и сојузите **се конститутивен елемент во формирање на граѓанските организации во нашата држава**. Се поставува прашањето дали вградувањето на став 2 крие во себе разбивање на здруженијата и формирање на други форми и облици.

Прашањето за дополнување на членот 115 со нов став 2 беше разгледано од Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на седница одржана на 4.2.2022 година, со заклучок дека предвидувањето на вакво законско решение значи поткопување на пензионерското организирање со непромостливи и негативни последици за пензионерите и здруженијата во спроведување на нивните активности.

**Извршниот одбор едногласно бара ставот 2 на новиот член 27 од „драфт“ верзијата на измените на ЗПИО да се изостави бидејќи се работи за рушење на еден систем кој покажал извонредни резултати во грижата и обезбедување достоинствен живот на популацијата од третата доба. Образложението дека ставот 2 е предвиден заради реакции на странките, по мислење на ИО се изолирани случаи кои не ги почитуваат принципите на заемност и солидарност како главна карактеристика на солидарниот фонд, а и поради неисполнети лични амбиции и интереси.**

Одредбите кои се однесуваат на солидарниот фонд во постојниот ЗПИО се во согласност со темелните вредности утврдени во Уставот на РМ како што се: социјална правда и солидарност, слободата на здружување заради остварување заштита на социјалните, културните и други права и уверувања (член 8, член 20 и член 30 од Уставот на РМ).

**На крајот, Почитувана министерке, предлагам да оствариме средба по прашања значајни за пензионерската популација. Терминот за одржување на средбата, предлагам Вие да го определите, во зависност од Вашата работна агенда.**

Извршен одбор на СЗПМ
Претседател, Станка Трајкова

# Затворен старскиот дом „Битола“

И додека во Битола постојано се нагласува потребата за изградба на нови старски домови, деновиве УО на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување донесе одлука за затворање на старскиот дом од отворен тип „Битола“.

Потребата за изградба на старски домови во Битола е присутна многу одамна. Во изминатите години речиси нема изборни циклуси, било тоа да се парламентарни или локални, а да не се апострофира потребата за изградба не само на еден туку на неколку нови старски домови во градот под Пелистер.

Моментно во Битола има само еден старски дом, „Сју Рајдер“, со капацитет од 120 легла, што, секако, не ги задоволува потребите за вакви установи за згрижување на старите.

Може да прозвучи и морбидно, или како некој вид црн хумор, но изјавата на еден пензионер што со месеци чека да се ослободи легло за него и кој вели дека се чека единствено некој да почине за да се ослободи легло во домот, најсликовито ја опишува состојбата со недостиг од сместувачки капацитети.

Се разбира, кога се зборува за потребата за старски домови се мисли на долгогодишен проблем што бара вистински приод, а не како што беше случај овој проблем да се користи за измамнички и криминогени цели, за што веќе има и отворен судски процес.

И додека во Битола постојано се нагласува потребата за изградба на нови старски домови, деновиве УО на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување донесе одлука за затворање на старскиот дом од отворен тип „Битола“.

Деновиве корисниците на домот добиле известување дека во рок од 30 дена од добивањето на известувањето се должни да го напуштат објектот.

Во известувањето не се кажува што ќе биде со објектот, само се наведува дека по одлуката на УО е отпочната постапка за затворање на ТД „Борец“, во чиј состав работи домот „Битола“.

Инаку, за судбината на домот не знаат ништо ни малкутемина вработени, кои сè уште работат во старскиот дом „Битола“.

Инаку, овој објект, кој беше од отворен тип, во осумдесеттите и почетокот на деведесеттите години на минатиот век беше еден од најпосетените и најрентабилни домови за стари лица, не само во Битола туку и пошироко.

За тоа каков беше овој објект најдобро зборува фактот што многу години во овој објект поради популарните цени беа сместувани голем број спортисти, гости, пејачи, бизнисмени, а се одржуваа и многубројни забави и манифестации.

Но со текот на годините поради лошата селекција на раководните кадри, домот беше оставен буквално да пропаѓа.

Тој сега е целосно руиниран и запуштен, па поради тоа најголемиот број од корисниците на услугите го напуштија, а поради тешката финансиска состојба хотелот го напуштија и голем број вработени.

Така, Битола остана без еден мошне корисен објект за сместување на старите лица, за кој порано повозрасните битолчани се „тепаа“ како да дојдат до легло.

По неговото затворање, сега во Битола остана да работи само еден старски дом. Тоа е „Сју Рајдер“, кој има ограничен капацитет од само 120 легла.

Тоа што особено загрижува е што „Битола“ згаснува токму кога државата настојува да ги зголеми капацитетите на Битола за згрижување стари и изнемоштени лица и кога на листата на чекање за згрижување во старскиот дом „Сју Рајдер“ има стотици битолчани.

Поради немањето старски домови, голем број битолачни, кои беа на „привремена“ работа во САД, Канада или Австралија, иако имаат огромна желба, сепак не се враќаат во Битола да ги поминат пензионерските домови.

И тие постојано ја наметнуваат потребата за изградба на современи старски домови, но, за жал, од тоа нема ништо.

Инаку, за време на изборната кампања на локалните избори речиси сите партии излегува со ветувања дека новата локална самоуправа според принципите на праведност, еднаквост и почитување на човековите права ќе овозможи услови за квалитетен живот на секој поединец, но и со заложби за реконструкција на постојните и изградба на нови сместувачки капацитети за старите лица.

Останува да се види дали ваквите ветувања ќе бидат реализирани или ќе останат само на збор.

**Менде Младеновски**
**(„Нова Македонија“)**

# 66 седница на Управниот одбор на Фондот на ПИОСМ

Шеесет и шестата седница на Управниот одбор на Фондот на ПИОСМ се одржа во Фондот на ПИОСМ, на 21 декември 2021 година. Седницата ја отвори и ја водеше Боро Варошлија, кој најнапред ја поздрави и ѝ посака успешна работа на Станка Трајкова, претставник од СЗПМ, со надеж дека со нејзината стручност и компетентност особено ќе придонесе за поуспешно работење на овој Управен одбор, на што, таа се заблагодари со надеж за придонес за успешното и квалитетно работење на Управниот одбор на Фондот.

**На седницата Станка Трајкова, во врска со затворање на ТД „Борец“ во Битола, кој бил пред сè, наменет за одмор и рекреација на пензионерите посочи дека многу е важно доколку се продава објектот, да се донесат правилни одлуки и соодветни решенија кои првенствено ќе бидат во интерес на пензионерите и предложи во постапката за продажба на целиот или на дел од објектот, да се вклучи и Здружението на пензионери од Битола и заедно со Општина Битола да преземат активности за згрижување на пензионерите на кои ќе им бидат раскинати договорите за сместување, со вклучување во Центарот за социјални работи и МТСП.**

## ДО
## МИНИСТЕРКАТА ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
## ЈОВАНКА ТРЕНЧЕВСКА
## ПРЕДМЕТ: ПРЕДЛОЗИ, МИСЛЕЊА И СУГЕСТИИ ВО ВРСКА СО „ДРАФТ“ ТЕКСТОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ЗПИО

Разгледувајќи го текстот на „драфт“ верзијата на Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија дава одредени предлози и мислења на одделни законски решенија кои би можеле да бидат од заеднички интерес, и тоа:

**1.** Во член 2 од Законот за измени и дополнувања на Законот за пензиското и инвалидското осигурување е утврдено дека, индивидуалните земјоделци може да бидат во кругот на осигуреници најмногу до навршување на 64–годишна возраст. Сојузот смета дека ако својството на осигуреник на индивидуалниот земјоделец се ограничува до 64 тогаш е потребно индивидуалниот земјоделец да има навршен најмалку 15 години пензиски стаж. Ако осигуреникот – индивидуален земјоделец нема 15 години стаж тогаш треба да му се овозможи да биде во осигурување и над 64 години се до наполнување 15 години пензиски стаж.

Ова е од причини да можат земјоделците да остварат пензија и да се изедначат со другите осигуреници како и да не се генерира потребата од докуп на стаж или создавање социјална категорија на граѓани.

**2.** Во членот 2 новиот став 2 актот за утвдување на својство на осигуреник и образецот за наведените категории наместо министерот да биде регулатива на Фондот. Ова е од причини што утврдувањето својство на осигуреник е во надлежност на Фондот, затоа и актот и пропишување на образецот би требало да биде во надлежност на Фондот.

Сметаме дека кога има законски основ и утврдени критериуми што е во согласност со Уставот, не би требало да се оптоварува Министерството односно министерот за труд и социјална политика.

**3**. Ова се однесува и за новите ставови 3, 4 и 5 на членот 11 од постојниот закон на ПИО, и во целиот текст од измените и дополнувањата сметаме дека би требало да биде предмет подзаконска регулатива бидејќи се работи за технички прашања**.**

**4**. Значајно прашање е опфатено со членот 6 каде по членот 33 се додаваат два нови члена 33–а и 33–б. Ова е затоа што се работи за остварување на лично право на пензија и сметаме дека треба да се направат ТАБЕЛИ за сите промени на ЗАМЕНСКАТА СТАПКА за да можат идните пензионери сами да си ја пресметаат пензијата од пензиската основа. Табела е направена само за осигуреници кои имаат најмалку пензиски стаж до 1 јануари 2001 година, а не и за осигуреници кои имаат навршен пензиски стаж помалку од 15 години, кои не пристапиле во капитално пензиско осигурување итн.

Предлогот на Сојузот да се направат табели е многу важен за применливоста на ЗАКОНОТ за пресметување на пензијата од пензиската основа. Ова е од значење и за вработените иако при донесување решение процентите се вградени во апликација, меѓутоа при комуникација со странките со отворање на закон веднаш може да им се каже колкав е процентот за определување на пензијата од пензиската основа (заменска стапка), а пресметка ќе може да си направат и самите осигуреници односно пензионери.

**5.** За определување на пензијата од пензиската основа и за постојниот член 78 потребно е да се направат табели од причините наведени во точката 4.

**6**. За бенефицираниот стаж како институт од ПИО потребно е да се направи компаративна анализа дали треба да се остварува во рамките во пензискиот систем или надвор од него како што е случај во другите земји.

**7.** Новиот став 2 како регулатива на постојниот член 115 Сојузот бара да се брише бидејќи Солидарниот фонд – посмртна помош и членарина се лични средства на пензионерите и содржината на согласноста ја пропишува Одборот на Регистрираната организација за солидарен фонд и членарина бидејќи солидарниот фонд – посмртна помош и членарина **не е право од пензиското и инвалидското осигурување** туку лични средства и не се алиментираат од придонесот за ПИО, ниту од средствата од Буџетот на Републиката. За сите прашања од солидарниот фонд надлежен е споменатиот орган за што одлучуваат самите пензионери застапени од претставници на 4–те сојузи во нашата држава. Солидарниот фонд – посмртна помош и членарина постои повеќе од 75 години и согласно со одредбите од член 115–117 од ЗПИО, непречено функционира од 2008 година.

Во солидарниот фонд пензионерите доброволно пристапуваат и истапуваат од него, а најбитно е што тоа се лични средства на пензионерите и за сите прашања одлучуваат тие самите.

**8.** Ченот 117 став 1 да остане со постојната регулатива, а исплата на посмртна помош на трансакциска сметка односно поднесување барање е прашање кое го регулира Одборот на Регистрираната организација на 4–те сојузи, а зборовите: „подрачни единици“ да се заменат со зборовите: „филијалите“. **Преземање на регулатива од Одборот и пренесување на Фондот или Министерството за труд и социјална политика е во спротивност со Уставниот за што веќе постои и мислење на Уставниот суд, бидејќи не е право од ПИО, туку Фондот само ја сервисира исплатата врз основа на актите на Одборот.**

Ставовите од 2 до 6 да се избришат бидејќи е техничко прашање и Сојузот смета дека е некомпатибилно со солидарниот фонд.

**9.** Сојузот смета дека ставот 5 би требало да се прецизира, а ставовите 6 и 8 не би требало да се регулатива на закон.

**10.** Во врска со членот 127, а во останатите одредби кои од Статутот се преземаат во ЗПИО треба да се оцени дали со некои решенија не се оптоварува Законот, особено за прашања кои се од технички карактер и немаат тежина да се регулатива на закон. Би требало Статутот да биде поделен на два дела и тоа: доуредување на права од ПИО врз основа на критериуми утврдени во Законот и дел на организационата поставеност на Фондот.

**11.** Членот 132–а (ревизија на првостепените решенија) да се изостави од причините наведени во 2018 година кога бил бришан овој член од причини што има контрола на решенија и двостепеност поради што ревизијата претставува само одолжување на постапката.

**12.** Во новиот член 152 во ставот 2 предмет на извршување да не биде најнискиот износ на пензија, а пензијата од најнизок износ до просечната пензија може да биде предмет на извршување до една петина на пензијата.

Измената на оваа одредба е понеповолно решение за корисници на најнизок износ на пензија за кои се настојува да бидат оптимално заштитени во рамките на пензискиот систем.

**13.** За најнискиот износ на пензија имајќи ја предвид поставеноста на пензискиот систем, би можело да се рационализираат групите со спојување на втората со третата (актуелна група – 4.500) бидејќи се работи за мал број корисници на пензија, а со тоа и мали фискални импликации.

Се предлага најнизок износ на пензија да остваруваат и осигуреници кои пристапиле во вториот столб доколку пензиските давања од првиот и вториот столб се помали од најнискиот износ на пензија, без некои други условувања.

**14.** Во примената на ЗПИО има голем интерес за висината на највисокиот износ на пензија. Највисокиот износ на пензија се однесува како лимит за пензионери кои не пристапиле во капитално пензиско осигурување и тој треба да остане во пензискиот систем. Меѓутоа, највисоката пензија по 2015 година, значително се зголеми и се определува од просечната плата на сите вработени од претходната година пред остварување на правото на пензија зголемена за 2,7 пати.

Предлагаме таа да се определува од просечната плата не повеќе од процентите утврдени во член 52 став 1 од овој закон зголемена за 2,3 пати.

Следејќи го движењето на највисоката пензија според регулативата до 2015 година изнесува околу 40.000 денари, а во актуелниот момент таа изнесува околу 58.000 денари. Ова се должи на измените на Законот за пензиското и инвалидското осигурување. Имено, до 2015 година највисоката пензија беше еднаш утврдена со ЗПИО, а потоа се усогласуваше со ист процент како и останатите пензии, со цел да се следи судбината на сите пензии. Со напуштање на овој критериум, а во услови на поголем пораст на платите, а помал на трошоците на животот со кој се усогласуваат пензиите доведе до значителен пораст на највисоката пензија.

**15.** Новите предлози на Сојузот за усогласување на пензиите се доставени до Министерството за труд и социјална политика.

Скопје, февруари 2022 година

**Со особена почит**

**Станка Трајкова**
**Претседател на СЗПМ**

## ИЗВАДОЦИ ОД ПРОГРАМАТА НА СЗПМ ЗА 2022 ГОДИНА

Со Програмата за 2022 година ќе се реализираат активности од областа на пензионерското организирање значајни за корисниците на пензија во нашата држава. Главен носител на извршување на активностите е Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија во соработка со здруженијата на пензионери – членки на СЗПМ.

Средствата за реализација на Програмата се обезбедуваат согласно членот 32 и 33 од Статутот на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, планирани со финансискиот план на Сојузот.

Во реализација на Програмата учествуваат сите комисии и тела на Собранието на СЗПМ и Извршниот одбор на Сојузот.

Со програмата на Сојузот се опфаќаат целите и дејностите утврдени во членот 11 од Статутот на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија како и задачите утврдени и во други акти донесени од органите и телата во Сојузот.

Основни принципи врз основа на кои се заснова Програмата односно активноста на СЗПМ е слободно искажување и промовирање на своите ставови и мислења за прашања од интерес на корисниците на пензија, поведување на иницијативи и активно учество во градење на јавното мислење и креирање на политиките.

При спроведување на Програмата се имаат предвид и принципите на: остварливост, промоција, одговорност, инклузивност, оптимизација и друго.

За поефикасно спроведување на задачите од оваа програма може да се подготвуваат и оперативни програми.

За успешна реализација на Програмата ќе се остварува соработка со соодветните државни органи, ЗЕЛС, Црвениот крст, Ајде Македонијо и други невладини и непартиски асоцијации и фондации.

Во 2022 година Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, како невладина, непартиска и мултиетничка асоцијација самостојна во организирањето и остварувањето на целите, интересите и дејностите ги планира и ќе ги реализира следните активности и задачи:

**- Како една од основните цели и задачи на СЗПМ утврдени во Статутот е следење и проучување на остварување на уставните и законските права на корисниците на пензија**. Се работи за темелни уставни вредности кои се однесуваат на граѓаните на Република Македонија вклучувајќи ги и корисниците на пензија како што е почитување на личноста, обезбедување пристојна егзистенција за сите лица кои немаат доволно средства за живот, почитување на човечкото достоинство врз основа на принципите на еднаквост и солидарност, со поставување на поединецот.

– **Заштита на стекнатите права од пензиското и инвалидското осигурување како и унапредување на правата на идните пензионери** е континуирано во фокусот на Сојузот и неговите органи. Во 2022 година ќе продолжи заложбата на СЗПМ со барање на формула за усогласување на пензиите да се вгради и просечната плата на вработените во Републиката и пензиите да се усогласуваат со дел од просечната плата и со дел од порастот на платите и трошоците на животот односно да се земе предвид поповолниот процент. Исто така, се предлага и дополнително усогласување на ниските пензии без засметување во висината на пензијата. Ова е од причини да не се наруши соодносот на пензиите според вложениот придонес и одбегне настапување на евазија од плаќање на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување.

**- Во 2022 година повторно во фокусот е донесување на Законот за пензионерско** организирање.

**- Информација за работа на Одборот на Регистрираната организација и состојбата** со **членарината и Солидарниот фонд за посмртна помош.**

Редовно информирање во врска со работата на Регистрираната организација и состојбата со членарината и Солидарниот фонд за посмртна помош особено во услови на пандемија кога е зголемена смртноста на пензионерите и неможноста да се исплатува посмртната помош во пократки рокови.

**- Прашањето на здравствената заштита е постојано во фокусот на Комисијата за здравство и социјална политика** на Извршниот одбор на Сојузот. Во 2022 година ќе се следи извршувањето на барањето за целосно ослободување од партиципација за здравствените услуги (прегледи, дијагностички испитувања и болничко лекување на корисниците на пензија) како и предлогот ослободување од партиципација за болничко лекување на корисници на пензија од 14.600 ден. да се зголеми на 18.000 денари.

Продолжува значајната активност во 2022 на СЗПМ за адаптација и пренамена на делови од неискористениот простор во општите болници во геронтолошките одделенија за потребите на старите лица. Во 2022 година СЗПМ ќе го следи предлогот за измена на Законот за здравствено осигурување со цел децата на корисници на пензија да остварат право на боледување за нега на нивните стари и болни родители – корисници на пензија како и други проекти од значење за корисниците на пензија.

– **Иако е пандемија СЗПМ ќе даде поддршка на мерки за подобрување на животниот стандард на пензионерите како што се:** бесплатна бањска рекреација, бесплатен автобуски и железнички превоз, намалени цени на културни настани и сл.

**- Следење и ангажирање за изградба на пензионерски и старски домови и дневни центри за престој** на пензионерите кој пакет на активности се постојана задача и Сојузот и понатаму ќе се залага за изградба на државни пензионерски односно старски домови каде што сместувањето ќе одговара на пензионерскиот стандард. Во 2022 година ќе се следи извршувањето на заклучоците по Информацијата за старските односно пензионерските домови, донесена во 2020 година од органите на СЗПМ.

**- Информација за имплементирање на Пензионерската социјална карта во ЗП Битола, М. Каменица и Валандово.** Информациите ќе имаат цел да се прикаже достигнатото ниво на активностите за воведување на Пензионерската социјална карта. Информациите ќе ги подготват овие здруженија.

**- Организирање и следење на 26-тите спортски натпревари на пензионерите во Република Македонија**. Во 2022 година спортските активности на регионално ниво ќе се организираат адекватно на условите предизвикани од ковид 19.

**- Организирање и следење на 20-тите регионални јубилејни ревии на песни, музика и игри и Републичката ревија на** песни, музика и игри како културна манифестација од национален интерес за државата.

**- Регионални состаноци како подготовка за изборните активности за новиот мандат** 2023–2027 година во здруженијата на пензионери и Сојузот како и подготовка на Препораки кои ќе се достават до здруженијата на пензионери.

**- Збогатување на меѓународната соработка, со акцент на соседните држави,** како и продолжување на учество на меѓународниот фестивал Трета животна доба во Љубљана – Р Словенија и други меѓународни настани доколку се создадат услови.

**- Правилник за издавачка дејност и творештво на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија**

Се оценува за потребно да се подготви општа правна рамка за издавачка дејност и творештво во кој ќе се утврди политиката на оваа област која ќе одговара на актуелниот момент на развојот на пензионерското организирање.

– **Следење на развојот на волонтерството во остварување на активностите по здруженија на пензионери и Сојузот**

СЗПМ има доставено Проект – Волонтерството во кој се уредени основните прашања од волонтерската активност согласно со Законот за волонтерство со можност за приспособување на истиот на можностите и условите во здружението.

**- Регионални состаноци на претседателите на здруженијата на пензионери** на кои средби ќе се разгледуваат прашања од заеднички интерес за сите здруженија, членки на СЗПМ, со натамошниот развој на социјално–хуманитарната страна преку самостојни и инклузивни активности во соработка со Црвениот крст и други граѓански невладини организации за помош и заштита на старите лица во нивните домови.

– **Соработка на здруженијата на пензионери со локалната власт** во 2022 година ќе се поддржува соработката со локалната самоуправа со поднесување на барања и проекти за одобрување на средства за отворање на пензионерски клубови, заштита на старите лица, помош во организирање на пензионерски средби и друг вид на активности во насока на здрав и активен пензионерски живот. Соработката е значајна и заради постоење на нови градоначалници по општините.

**- Вклучување на пензионерите во зачувување на животната средина** преку разни еколошки активности кои ги организираат ЗП, Движењето на екологисти, локалната самоуправа и др.

**- Одржување на работилници за сметководители и дописници** на кои ќе се третираат прашања поврзани со нивната работа.

**- Одбележување на 20 септември Денот на пензионерите** на свечен и достоинствен начин.

**- Информирање и транспарентност во работата на СЗПМ и здруженијата** ќе се остварува со излегување на бесплатниот весник „Пензионер плус“, страницата за пензионери на албански во весникот Коха, веб–страницата на СЗПМ, објавување на билтени и брошури како и информирање преку останати медиуми.

**Собрание на СЗПМ**

# ЗП ШТИП - лична карта




## Здружение на пензионери Штип

ул. Јосиф Ковачев бр 6б, Штип тел: 032 391 635 ppretsedatel@yahoo.com



**м-р Нетков Ристе**
**претседател**
**на ИО и на ЗП Штип**



Почетоците на формирањето на Здружението на пензионери Штип датираат од далечната 1947 година, и токму поради тоа се смета за едно од најстарите организирани форми на оваа категорија луѓе во Републиката. Седиштето на здружението е во Штип, а територијално ја покрива и Општина Карбинци. Во оваа 2022 година, здружението ќе одбележи голем јубилеј: 75 години од формирањето. Во своето чекорење секогаш се движело во нагорна линија и тоа како со зголемување на членството, така и со надградба на повеќе активности.

Моментално во него членуваат 9 500 членови, кои на еден или на друг начин го сметаат за свој втор дом. Во ова големо семејство има место за сите луѓе од третата доба без разлика на претходните работни обврски, на стручното образование, како и на национална, етничка и верска припадност.

Од формирањето до денес здружението има активна улога во сите случувања во градот и претставува важен сегмент во збиднувањата во општината и пошироко.

ЗП Штип активностите територијално ги спроведува преку своите 13 ограноци во повеќе урбани и рурални средини. Дел од клубовите се во сопственост на здружението, а дел на локалната самоуправа и еден клуб има кој се користи под закуп. Во последно време се работи на тоа клубовите да бидат објекти од локалната самоуправа (урбани заедници, други објекти), каде што со заеднички средства истите ќе се користат двонаменски и за здружението и за урбаните заедници.

Здружението има и сопствен објект каде што се просториите на здружението, а располага и со 7 гарсониери и деловни простори. Согледувајќи ја потребата од поголем број сместувачки капацитети за пензионерите, во 2013 година, во соработка со локалната самоуправа отпочна изградба на нов пензионерски дом со капацитет од 101 легло, но поради настанување технички проблеми објектот е изграден до карабина и веќе неколку години е во мирување. Изградба на Домот е приоритет на здружението на кој ќе му се посвети особено внимание, во досегашната фаза на изградба ЗП Штип има инвестирано околу 500.000,00 свои средства.

Од постоењето до денес здружението работи согласно со Статутот кој во чекор со времето се коригира во согласност со општествените текови од животот.

Согласно со Статутот има и раководен тим составен од претседател на Здружението и на Извршниот одбор, потпретседател и секретар на Извршниот одбор и помошен персонал, кои ги сервисираат потребите на членовите.

Нетков Ристе
– претседател,
Донев Јордан
– потпретседател,
Јаковлев Димитар
– секретар.

Има и Собрание кое брои 33 членови делегирани адекватно од сите огранoци како и Извршен одбор составен од 19 членови. Во здружението функционираат и комисии и тоа за: статут, културно забавен живот, спорт, станбена комисија и актив на жени.

Основните цели на здружението се дефинирани со Статутот и тоа: хуманитарни активности, културно–забавен живот, спорт и помош на членови со ниски примања по разни основи. Така било во изминатите години. Првпат здружението зело учество на Регионалната фолклорна ревија во 2008 година.

Целокупните настани и активности функционираа добро според донесените годишни програми, сè до почетокот на пандемијата кога активностите се намалија, и освен основните, сите други активности беа минимизирани или откажани. И покрај пандемијата ЗП Штип имаше забележителен настап на Фолклорната ревија на песни, музика и игри 2021 година и на Републичките спортски натпревари во 2021 го-



дина во Велес, каде што претседателот Ристе Нетков освои прво место во дисциплината трчање мажи над 60 години.

Претседателот Ристо Нетков, од 2018 година е на чело на ЗП Штип. Како што е обичај на крајот од годината се сумираат резултатите, се носи Програмата за наредниот период и се планира буџетот. За ова разговараме со првиот човек на ЗП Штип претседателот Ристо Нетков.

– Заради пандемијата од вирусот ковид–19, и во 2021 година активностите беа намалени. Покрај хуманитарната и паричната помош, согласно со мерките од Владата и препораките на СЗПМ, ЗП Штип беше домаќин на Регионалната ревија на песни, музика и игри во организација на СЗПМ, а учествувавме и на Републичката ревија на песни, музика и игри во Скопје. Во централниот клуб, отворивме мала библиотека со вредни дела каде што пензионерите даруваат свои книги, за да ги користат вљубениците во пишаниот



збор. Овде често доаѓаат пензионерите да читаат весници, а преку „Пензионер плус" се запознаваат со активностите на здруженијата и на СЗПМ. Во областа на спортот, учествувавме на Регионалните спортски натпревари во Свети Николе и на Републичките спортски натпревари што се одржаа во организација на Сојузот, а домаќин беше ЗП Велес. Имавме и неколку пријателски спортски средби со ЗП Каменица,



ЗП Кочани и ЗП Свети Николе, на отворено под мотото „Запознај го Штип низ историјата" при што со пензионерите од овие здруженија ги посетивме музеите, црквите и археолошките локалитети во Штип. Соработката треба да се интензивира. Во Новата 2022 година, приоритет ќе ни биде снаб-





дување со огревно дрво на нашите членови. Согласно со состојбата со вирусот ковид–19, сакаме музичките и спортските натпревари, екскурзиите и многуте дружења меѓу пензионерите, да бидат што помасовни бидејќи пензионерите едвај ги чекаат ваквите дружења. Зависно од состојбата со пандемијата Програмата ќе се приспособува со активности. Клубовите засега се затворени, само домаќините се грижат за одржувањето. Бидејќи новогодишната забава не се одржа, средствата ги намениме за хуманитарни цели и помош на наши пензионери. Во 2022 година планираме повеќе предавања каде што познати лекари ќе ги запознаат пензионерите со благосостојбата од масовната вакцинација.

За одбележување е активноста на Активот на пензионер-




ки кои се исклучително проактивни со нови мерки и предлози како да се грижат за пензионерите во услови на пандемија. Тие во 2022 година планираат да ја зголемат посетата на пензионерите од руралните средини за да видат тие дека здружението се грижи и за нив.

Секојдневно имаме барање за покрив над главата. За жал новиот дом во моментов е изграден до карабина, бидејќи е заглавен во правни лавиринти. Се чека законот од Владата за легализација на дивоградбите за да се продолжи со градба. Планираме да поднесеме иницијатива до локалната самоуправа и до Владата, да помогнат за да се најде решение.

**СЗПМ**



ПОН ВТО СРЕ ЧЕТ ПЕТ САБ НЕД
NLB Banka
VISA ELECTRON
НЛБ Сребрен пакет
Вашата пензија
секогаш навреме
НЛБ Сребрен пакет
• Visa Electron дебитна картичка
• ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
• Зегин - НЛБ Банка картичка
• Кредитни картички
• Трајни налози
• Сребрен кредит за пензионери
• Депозити за пензионери
Поволности
• Пензија на првиот работен ден во месецот
• Плаќање на рати без камата во Зегин со НЛБ - Зегин кобрендираната картичка
• 3% Cash back во Веро маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
• Осигурителни поволности за пензионери во соработка со Сава осигурување АД Скопје
NLB Banka
www.nlb.mk
Контакт центар: 02 / 15-600




ZEGIN ВАША СЕМЕЈНА АПТЕКА
ЕВРОБАЛКАНСКИ ЛИДЕР ВО ПРОМОЦИЈА НА НОВИ МОЛЕКУЛИ
osteotend®
ПРОИЗВОД НАМЕНЕТ ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НОРМАЛНА ФУНКЦИЈА НА ЗГЛОБОВИТЕ И 'РСКАВИЦИТЕ.
НА БАЗА НА
БРОМЕЛИН, ПАПАИН, РУТИН, МЕТИЛСУЛФОНИЛМЕТАН, ВИТАМИН Ц, Л ОРНИТИН АЛФА КЕТОГЛУТАРАТ И ЃАВОЛСКА КАНЏА.
osteotend
30 bustine | 5,6 g
не содржи глутен
не содржи глукоза
не содржи лактоза
30 ќесички | 5.6 g
ЗЕГИН ДОО Скопје
Пред употреба внимателно да се прочита упатството! За индикациите, ризикот од употребата и несаканите дејства на граничниот производ консултирајте се со Вашиот лекар или фармацевт"
НОВО
PROVEN® PROBIOTICS
Cardiobiotic
КЛИНИЧКИ ЕДИНСТВЕНИ ТЕСТИРАНИ
PRO-VEN® PROBIOTICS
Cardiobiotic
FRIENDLY LACTOBACILLUS BACTERIA WITH OLIVE LEAF EXTRACT PLUS VITAMIN B1 TO SUPPORT NORMAL HEART FUNCTION
30 Capsules
FOOD SUPPLEMENT
Создаден специјално за одржување и зачувување на здравјето на срцето
Содржи 10 милијарди соеви на Lactobacillus plantarm (CUL66) и Lactobacillus reuteri (NCIMB30242) корисни бактерии
Содржи хидрокситирозол (од лист од маслинка)
Витамин Б1 значаен за одржувањето на ормалната функција на срцето
една 30 КАПСУЛИ на ден

# Каде се трошат средствата на пензионерите од членарината

Во последно време во јавноста голем е интересот како здруженијата на пензионери и Сојузот дејствуваат односно како ги извршуваат своите активности во услови на пандемија, а особено е присутен интересот како здруженијата ги користат средствата на име членарина.

Здруженијата на пензионерите се граѓански, невладини и непартиски организации здружени во Сојуз на здруженија на пензионери на Македонија (СЗПМ) во кој сојуз членуваат 53 здруженија. Постојат и уште три други сојузи, но јас ќе се осврнам на работењето на здруженијата – членки на СЗПМ.

Со здружување во Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, здруженијата не го губат својството на правно лице и својата автономија, туку продолжуваат да дејствуваат со заемно почитување и спроведување на својот Статут и Статутот на Сојузот. Овие граѓански организации имаат долга историја бидејќи егзистираат повеќе години.

Согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување на секој пензионер при поднесување барање за пензија на доброволна основа со негова согласност му се издвојува дел од пензијата за солидарен фонд (посмртна помош и членарина) кои средства се чуваат на посебна потсметка во Фондот за пензиското и инвалидското осигурување, во рамките на трезорската сметка. Делот од средствата на име посмртна помош издвоен со согласност од самите пензионери времено изнесува 140 денари, заради зголемената смртност на пензионерите од Ковид–19. Од овие средства од страна на Фондот се сервисира односно се исплатува испратнина од 30.000,00 денари на семејството на починатиот пензионер. За членување на пензионерот во здружение, исто така, на доброволна основа, се издвојуваат 30 денари кои СЗПМ ги води на посебна сметка и постапува врз основа на акти на Одборот на Регистрираната организација. Од овие средства на сметките на 53–те здруженија на пензионери секој месец се префрлуваат по 27,50 денари според бројот на неговите членови, а 2,50 денари се издвојуваат за заедничките активности во Сојузот.

Основните прашања и односи во врска со финансиските средства на здруженијата и Сојузот се статутарни прашања уредени со нивните статути. Со оглед на фактот дека финансиското работење и активностите се динамичен процес, со Одлука на Сојузот утврдени се единствени критериуми за материјално–финансиското работење на здруженијата на пензионери и СЗПМ, односно утврдена е општа правна рамка за користењето на средствата од членарината. Имено, согласно со спомenатата одлука, здруженијата и Сојузот како изворни приходи за финансирање на својата дејност главно го користат издвоениот дел од членарината. Тие финансиски средства здруженијата и Сојузот ги користат за остварување на нивните цели и задачи утврдени со статутите и нивните програми за работа. Со оваа одлука се регулира дека и здруженијата и Сојузот се должни да управуваат и да работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на здруженијата и Сојузот, а над личните интереси.

Со оглед на тоа дека во јавноста се наметна прашањето за кои намени во овие услови на пандемија се трошат средствата од членарината, согласно со наведената одлука и статутите на здруженијата средствата се користат за социјално–хуманитарни (за пензионерите со ниски примања), солидарни, културни, спортски и други активности. Еве само некои од тие активности: давање парична помош; социјални пакети или ваучери за набавка на одредени прехранбени артикли; помош за здравствени потреби (набавка на лекови, за бањско лекување, за набавка на ортопедски помагала, хируршки интервенции и сл.), помош за набавка на огрев; покривање на дел на штети предизвикани од елементарни незгоди и несреќи и слично; колективен превоз во јавниот сообраќај; рекреативни патувања; одржување и реновирање на пензионерските домови, билети за групна посета на културни манифестации, отворање пензионерски клубови и нивно одржување и слично.

За овие категории на активности, секое здружение одвојува износ од најмалку 25% од планираните расходи за тековната година. Позицијата социјални, солидарни и други намени за помош на членството во парична или материјална форма, здружението ја утврдува со финансиски план и со свои акти во согласност со оваа одлука. Исто така, ги уредува критериумите и органот кој одлучува за доделување помош (извршен одбор, комисија и сл.).

Што се однесува до надоместоците на избраните лица, тие со Одлуката се утврдени со дикција „до" започнувајќи од 2.000 денари и највисокиот износ изнесува до 15.000 денари, земајќи го како критериум бројот на пензионерите – членови на здружението. Несомнено е дека самата висина на овие надоместоци говори дека најголем дел од активностите е на волонтерска основа.

Значајно е да се напомене дека Сојузот со материјална поддршка учествува и во заедничките проекти како што е финансиска поддршка на издавачката дејност и творештвото на членството, проекти за здраво стареење, инклузија на возрасните во сите сфери на животот и на сите нивоа, збогатување и проширување на постоечкиот обем на волонтерство, изготвување социјална карта на пензионерите, која за жал не е во целост имплементирана, помош на помалите здруженија за нивните активности, меѓународна соработка и друго.

Во услови на пандемија посебен акцент се дава на социјално–хуманитарната помош на пензионерите како: соработка со мобилните тимови на општините и Црвениот крст; повврзување и давање податоци за пензионери на кои првенствено им е потребна поддршка и помош, набавка на дезинфекциони средства, маски (во градски и рурални средини), ракавици, социјални пакети, ваучери, финансиски средства, активности за одржување на клубовите, нивна дизинфекција, набавка на гориво по пристапна цена и друго.

Но, здруженијата и Сојузот имаат и свои традиционални активности како што се спортските натпревари и фолклорните ревии кои се одржуваат на регионално и републичко ниво и кои заради пандемијата се одложени, но можат да бидат одржани и до крајот на годината и тоа во отворен и во затворен простор во зависност од условите, а за истите се потребни средства кои мораме да ги имаме.

Исто така, Сојузот секој месец издава бесплатен весник „Пензионер плус" за чие излегување се потребни средства.

Во оваа прилика уште еднаш ќе истакнам дека одлуките за користење на средствата ги донесуваат органите на здружението, а финансиските средства се употребуваат за остварување на целите и задачите на здружението преточени во програми за работа и средства обезбедени со Финансиски план.

Увид во материјално–финансиската документација односно контрола над примената на прописите од материјално–финансиското работење го врши Надзорниот одбор и со наодот го информира Собранието и Извршниот одбор. На законито и правилно трошење на средствата здруженијата одговараат и пред другите надлежни органи и правни субјекти, а годишната сметка ја објавуваат во локалните медиуми или на веб–страницата на СЗПМ.

Сакам да истакнам дека во услови на пандемија здруженијата се вклучија со свои активности и средства со цел тоа да го почувствуваат непосредно пензионерите дека помошта ја дава нивното здружение. Познато е дека здруженијата која било активност да ја преземат сами обезбедуваат средства бидејќи на нив како граѓански организации не им се одобруваат банкарски кредити бидејќи нивните членови се возрасни лица кои се дискриминирани од банките!

Затоа, во врска со барањата на некои пензионери, средствата од членарината да се насочат во Фондот за корона вирусот, се предлагаат без да се има предвид организационата поставеност на здруженијата и на Сојузот. Се надевам дека од овој текст ќе видат дека здруженијата тоа го прават под услови утврдени со нивните статути и одлуките ги донесуваат самостојно.

Некои од оние пензионери кои прашуваат каде и како се трошат средствата од членарината, до скоро беа вклучени во активности на здруженијата и на Сојузот и точно знаат и каде и за што се трошат, дури и пишувале многу афирмативно, но сега од причини кои им се само ним познати зборуваат и пишуваат обратно. Дел од прашувачите спаѓаат во типот на луѓе кои во сѐ бараат нешто негативно, сензација или се прават умни со своите предлози, а не со свој личен пример. Се разбира дека во работата на здруженијата и Сојузот не е сѐ идеално, но сепак постоењето на СЗПМ и на здруженијата цели 75 години, е потврда дека оваа асоцијација ги штити интересите на пензионерите и како резултат на тоа во овој сојуз членуваат 284 000 пензионери.

Да не се заборави и фактот дека во земјите во нашето опкружување на пензионерите како возрасна популација за да ја пребродат пандемијата им се даваат разни видови помош (додатна парична помош покрај пензијата), а кај нас главната помош ја даваат најчесто општините, Црвениот крст и други институции и компании и здруженијата на пензионерите кои во минатото и сега се потпираат самите на себе.

Здруженијата на пензионерите и Сојузот и овој пат покажуваат дека вратата за членовите–пензионери на здруженијата не е затворена и којзнае по кој пат здруженијата на пензионери и Сојузот ќе покажат дека се на висина на задачата и дека средствата што членовите ги издвојуваат се користат според „ОД НИВ ЗА НИВ" и сега и во иднина за активностите што сме ги испланирале и што не очекуваат.

**Станка Трајкова**
**претседател на СЗПМ**

Да се помогне на пензионери со ниски пензии

# Да се потсетиме!

Најновата вест е дека АД Пошта ќе започне со достава на пензии дома што е очекувана и барана услуга од пензионерите, а од друга страна веста предизвика и големи реакции. Преку АД Пошта секој пензионер може да ја добива пензијата дома доколку таа се исплатува преку ХАЛК банка или во НЛБ банка. За да ја добие пензионерот таа услуга преку АД Пошта потребно е да пополни соодветен формулар во банката, во случајот Халк банка или НЛБ банка. Огромните реакции од пензионерите се однесуваат на цената на услугите. Имено, според објавените информации по медиумите, цената на услугите изнесува:

– За пензии до 5.000,00 денари – 70,00 денари
– За пензии од 5001,00 до 9.000,00 денари – 100,00 денари
– За пензии 9001,00 до 15.000,00 денари –130 денари
– За пензии над 15.000,00 денари – 160 денари

Гледајќи ги цените на услугите веднаш се поставува прашањето дали тие се правилно определени и дали бил присутен моментот на посебна заштита на пензионерите со ниски пензии. За потсетување, порано кога сите пензии се исплатуваа преку пошта, поштенските трошоци беа покривани во рамките на пензискиот систем.

Според сегашната поставеност на пензискиот систем внимателно се интервенира кај ниските пензии за да не се наруши соодносот на пензиите и да не се предизвика евазија од неплаќање на придонесот и други права врз основа на заемност и солидарност, се поставува прашањето зошто преку мерки надвор од пензискиот ситем не се помогне на пензионери со ниски пензиски давања.

Денес во овие актуелни услови АД Пошта, Халк банка која се нарекува „Банка на Народот" и НЛБ треба да ги преиспитаат цените на услугите и да определат цени преку кои ќе се покријат само реалните трошоци, а не да се остварува профит со вршење на овие услуги.

Исто така, друг можен модалитет би било и субвенционирање кај пензионерите со најнизок износ на пензија ако се има предвид дека сме социјална држава каде што главен таргет треба да е подобрување на материјалниот статус на граѓанинот.

**Станка Трајкова, претседател на СЗПМ**

Работилница за проектот InCARE

# Побезбедно стареење со сервисот „Итно копче"

На 14.12.2021 Година во Скопје се одржа работилница на која беа претставени проектот InCARE (Поддршка на инклузивниот развој на услуги во заедницата за долготрајна нега преку вклученост на повеќе чинители) и иновативната услуга „Итно копче". Во работата на работилницата учество зедоа претставници на Министерството за труд и социјална политика (МТСП), Министерството за здравство (МЗ), Црвениот крст, Институтот за јавно здравје, ФПИОМ, НВО ХЕРА и ХУМАНОСТ, геријатриски установи, град Скопје, а од СЗПМ учество зеде д–р Димитар Димитриевски. Проектот InCARE финансиски го поддржува Европската унија (1,59 милиони евра) со програмата „Вработувања и социјални иновации", а го координира Европскиот центар за социјална политика и истражување од Виена, Австрија. Од Македонија национални партнери се МТСП, МЗ и Црвениот крст, а во групата со Македонија се и Шпанија и Австрија. Проектот почна да се спроведува во 2020 година и ќе трае три години. Главната цел на проектот InCARE е да се подобри пристапот до соодветна и прифатлива нега за старите лица кои заради когнитивни или функционални нарушувања имаат потреба од нега. Според Обединетите нации, Република Македонија ќе доживее брз процес на стареење кај нејзиното население во следните неколку децении и од 19% население над 60 години, процентот ќе се зголеми на 33% до крајот на 2050 година. Од 92 општини во Македонија 36 веќе ја надминале критичната точка на староснsocioт коефициент од 12%, а во некои општини достигнува и до 28%. Ова наметнува низа здравствени, социјални и економски предизвици, а како резултат на промената на структурата на традиционалните семејства, недостасува можноста за соодветна и континуирана семејна грижа.

Во првиот дел од работилницата Црвениот крст на РМ како национален партнер за спроведување на проектни активности преку пилотирање на иновативен пристап за грижа за старите лица го претстави проектот „Итно копче". Тоа е услуга која им овозможува на корисниците да имаат безбеден живот во своите домови 24/7. Копчето овозможува лесен и ефективен начин за добивање помош ако биде и кога ќе биде потребна при итен случај во домот. Доколку корисникот падне или има друга потреба од итна медицинска помош, се што треба да направи е да го притисне копчето за итен случај. Корисниците најчесто го носат Копчето за итен случај околу вратот или како нараквица. Копчето е поврзано преку уред со Контакт–центарот за повици при итен случај на Црвениот крст. Центарот ќе одговори на повикот извршен при итен случај и ќе реагира соодветно на потребите на корисникот и согласно со дефинираните процедури за постапување при активирање на алармот. По потреба, обучени лица за прва помош ќе бидат испратени до нивниот дом или службата за брза помош доколку станува збор за состојба кога животот им е загрозен. Оваа услуга за сега не ја нуди ниедно правно лице во Македонија. Црвениот крст ќе ја воведе прво во Скопје, со можност за проширување на ниво на целата држава, при што во период од една година ќе се опслужат минимум 100 корисници. Целта во наредните три години е покрај ова да се воведе и медицински транспорт како дополнителна услуга на „Итно копче", и услугите да бидат инкорпорирани во здравствениот систем, со што во иднина услугата би можела да се дава и од други давватели на услуги. Старите лица се често изложени на лош третман од службите на итна помош. Во вториот дел на работилницата претставниците на министерствата и на давателите на услуги ќе дискутираат за начините да се промовира кохерентен и координиран пристап во развој на национална политика за долготрајна нега, со посебен акцент на зајакнување и вклучување на сите чинители на локално ниво, заедницата, корисниците на услугите и нивните семејства во развој на услугите на долготрајна нега, што беше истакнато од наша страна и потребата од воведување боледување за нега на болен родител. Од страна на МЗ беше истакнато дека Законот допушта и отворање болници за здравствена нега и грижа, палијативна нега, но за сега не се искористени тие можности.

**Димитар Димитриевски**

ПЕНЗИОНЕР плус
Весник за сегашните и за идните пензионери

Издавач:
СЗПМ

Година XV – број 162–163
февруари 2022 година

БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК

Издавачки совет:

Станка Трајкова (претседател)
м–р Илија Адамоски
Ментор Коку
Менка Темелковска
д–р Веле Алексоски
Славко Трајкоски
Спирко Николовски ОВР
Гидо Бојчевски
Славко Марковски

Редакциски одбор:

Калина Сливовска - Андонова
главен и одговорен уредник;

Членови:
Баки Бакиу,
Верица Тоциновска,
Кирил Ристески
Фруска Костадинова
Јасмина Тодоровска
Лилјана Младеновска

Лектор:
Верица Тоциновска

Адреса:

СЗПМ Бул. „Кочо Рацин"
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

Компјутерска обработка:
Томе Ангеловски

Печати:
Печатница Серафимовски – Скопје

Дистрибуција: „Нова Македонија"

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

ЗП Чаир

# Плодна седница на ИО

На 28 декември 2021 година, три дена пред завршувањето на годината што веќе е зад нас, Извршниот одбор при ЗП Чаир ја одржа последната деветта седница. Седницата ја водеше координаторот Тодор Илиев, а присуствуваше и претседателот на Собранието на ЗП Чаир Рауф Хамиди. По разгледување и усвојување на записникот од претходната седница се утврди предложениот дневен ред. Извештајот за минатогодишната работа на ЗП Чаир, Програмата за работа на ЗП Чаир за 2022 година, како и Предлог–финансискиот план за остварување на програмата за 2022 година, беа главна тема на дискусија на седницата.



Она што е значајно за минатогодишната работа на ЗП Чаир, кое е едно од поактивните меѓу членките на СЗПМ, е дека од планираните активности само дел се реализирани, како причина од неповолните услови за работа. Со цел остварување на програмата за работа за 2022 година, во која се определени основните активности по кои ќе работат органите и телата на здружението, сите ставки се дадени како во нормални услови. Но нејзиното целосно реализирање зависи од условите и приспособување на фактичката состојба со Ковид 19. Оваа беше истакнато на седницата на ИО на ЗП Чаир од координаторот Тодор Илиев образложувајќи го годишниот извештај и Предлог–програмата за работа за 2021 година.

Во дискусијата на Предлог–програмата на финансискиот план за 2022 год., се нагласи да се даде поголемо значење на хуманитарната помош. На седницата едногласно беше усвоен и Финансискиот план за 2022 год. чијашто реализација зависи од условите и состојбата со ковид 19. Посебно внимание кај членовите предизвикаа информациите за купените службени простории, како капитална инвестиција за трајно решавање на потребата од пристојни условите за работа. На седницата се донесе и одлука за времено финансирање на Здружението до донесување на новиот Финансиски план за 2022 година. По многубројните дискусии по сите точки од дневниот ред беа ставени на гласање и едногласно усвоени.

**В. Пачемски**

ЗП Кисела Вода

# Последна седница на Собранието



На 24.12.2021 година одржана е последната седница на Собранието на ЗП Кисела Вода за 2021 година. На неа присуствуваа Момчило Петровиќ – претседател на ИО, Драган Тошевски – претседател на Надзорниот одбор, Маре Мицевска – претседател на комисијата за социјала и труд, како и членови на стручната служба. Состанокот го водеше Цветан Ристевски – претседател на Собранието. Од дневниот ред беа усвоени: Предлог–одлуката за финансиското работење во 2021 година и насоки за 2022 година; Извештај за работата во текот на 2021 година и Предлог–програмата за работа на здружението во 2022 година.

Во дискусијата беше констатирано дека работењето во 2021 година било со помалку активности заради присутната пандемија. Континуитет во активностите имало, но во помал обем. Пензионерите изјавиле дека дружењето им недостасува и се надеваат оти животот наскоро ќе се врати во нормала.

Минатата 2021 година е одбележана со купување простор за огранокот Бирарија, каде што пензионерите ќе се собираат и дружат. Значајна е и финансиската помош за семејства со ниски примања, која е доделена на 259 семејства во износ од по 3.000,00 денари како еднократна помош. За наредната 2022 год. планирани се активности кои ќе го збогатат пензионерскиот живот. Договорено е клубовите да се опремат со потребен мебел, да се обноват реквизитите за спорт, да се размисли за екскурзиите, да се организираат корисни предавања и друго.

На оваа седница избран е нов претседател, Спасе Илиев.

**Василка Топаловска**

ЗП Охрид и Дебрца

# Повторно доделени 100 хуманитарни пакети и усвоени Програмата и финансискиот план за 2022 година

Со одлука на Извршниот одбор од 1.12.2021 година, по вторпат во текот на истата година се доделија уште 100 хуманитарни пакети. Беа во вредност до 1.000 денари како директна материјална помош од прехранбени производи, хигиенски материјали, маски и заштитна опрема од ковид 19 на болни, изнемоштени, осамени и на пензионери со помали пензии, по повод Новогодишните и Божиќните празници.

Во 2021 година по повод Велигденските и Рамазанските празници беа доделени уште 85 хуманитарни пакети.



На 25.12.2021 година во големата сала на Општина Охрид со почитување на мерките и протоколите за ковид 19 се одржа 6–тата седница на Собранието во проширен состав, на која покрај неговите учествуваа и членови на Надзорниот одбор, Статутарната комисија, на Извршниот одбор, комисии, претседатели на месни ограноци, претставници во СЗПМ и др., која ја претседаваше претседателот на Собранието д–р Димитар Спасевски.

На седницата по сите материјали имаше конструктивна дискусија од присутните, а членовите на Собранието усвоија одлука за измена и дополнување на финансискиот план за 2021 год. На неа беа прифатени Програмата за работа и финансискиот план за 2022 година, како и информацијата за досегашните активности во 2021 на ЗП Охрид и Дебрца.

**Димитрија Стојкоски-Лепи**

ЗП Прилеп

# Корисна работна средба

На 27 јануари 2022 година во Прилеп по иницијатива на претседателката на СЗПМ, Станка Трајкова и претседателот на ЗП Прилеп, Славко Трајкоски, се одржа работна средба на која се расправаше за актуелни прашања од интерес на пензионерите. На средбата присуствуваа и во работата учествуваа и претседателот на Собранието на СЗПМ, м–р Илија Адамоски, потоа претседателот на Правно – економскиот форум, д–р Фиданчо Стоев и надворешниот соработник и активист, поранешен судија на Врховниот суд, Теофил Тонановиќ и секретарот на ЗП Прилеп, Стеванка Николоска. На средбата се расправаше и за пензионерското организирање во РС Македонија, но и за последиците од пандемијата предизвикана од Ковид–19.

Најпрво претседателката Станка Трајкова се осврна на актуелното усогласување на пензиите со процентуалниот пораст на трошоците на живот од 2,9%. Токму на оваа тема предложи доколку има зголемување на пензиите од 5%, од нив 1% да бидат наменети за најниските пензиски примања и оваа иако мала сума, да влезе во пензиската основа. Покрај ова, за најниските пензии да се одреди еднократен износ ад хок, и истиот да не влегува во пензиската основа. На средбата таа предложи усогласувањето и покачувањето на пензиските примања да се поврзе со цената на потрошувачката кошничка, а не со порастот на трошоците на живот. Кон ова Трајкова образложи, дека вистинската најниска пензија која им е пресметана на поголем дел од пензионерите со минимална пензија, е пониска од минималната и изнесува 5,6 или 7 000 денари, односно до 10.500 денари и се дополнува по принципот на солидарност. Притоа појасни дека за да се оцени дали висината на пензиите е пристојна, треба да се спореди со висината на просечната плата. Ако овој соодност не стигнува 60% од просечната плата, тогаш не е добро и треба да се реагира. Сега најниската пензија достигнува процент од 56%.

На работната средба стана збор и за солидарниот фонд односно за причините за доцнење на исплатата на посмртната помош.

На крајот од овој договорен и работен состанок беше заклучено:

– Да се продолжи да се следи усогласувањето на пензиите како важен инструмент преку кој се одржува реалната вредност на стандардот на пензионерите.

– Добро е да се активира постапката за донесување на Законот за пензионерско организирање што беше запрена за време на пандемијата, со цел унапредување на пензионерското организирање во државата.

– Во согласност со состојбата со пандемијата будно да се следи како здруженијата се приспособуваат со своите програмски активности со здравствената состојба заради Ковид –19.

– За проблемот со недостатокот на средствата во солидарниот фонд, Одборот на регистрираната организација да ги разгледа сите можни варијанти, во согласност со Законот, за да може посмртнината од Фондот да биде навремено исплатувана.

**К. Ристески**

ЗП Радовиш и Конче

# Усвоени основните документи за работа

ЗП Радовиш и Конче на 28.12.2021 година ја одржаа шестата седница, на која покрај членовите на Собранието присуствуваа и претседателот на Надзорниот одбор и претседателите на комисиите при здружението. На предлог на претседателот на ЗП Радовиш и Конче Мите Стефанов, со едноминутно молчење им се оддаде почит на починатите членови меѓу двете седници.

Согласно со деловникот на здружението, за претседавач на седницата беше избран Ѓеорги Андреев. Програмата за работа ја образложи во куси црти претседателот на ЗП Радовиш и Конче Мите Стефанов, при што истакна дека истата се заснова врз целите и задачите зацртани во Статутот на здружението. Нагласи дека доколку дозволат условите во 2022 година истата ќе биде реализирана преку работата на Собранието, Извршниот одбор, комисиите, Активот на пензионерките и преку стручните служби. Посебен акцент ќе се стави на заштита на здравјето на членството, грижата за старите и изнемоштените, обезбедување на социјалното домување, на функционирање на клубовите и слично, со можност во текот на годината да се проширува и надградува со активности кои во одреден период ќе бидат актуелни.

Финансискиот план за 2022 година е изготвен врз база на предвидените приходи и расходи и со истиот ќе се реализираат програмските активности, се разбира со максимално штедење и домаќинско работење. Финансискиот план е јасен и транспарентен за да може секој да разбере, односно да дознае и да се запознае со приходите и расходите. На крајот на седницата двата документа беа усвоени.

**Павлина Кошевец**

ЗП Центар

# Во 2021 година се работело домаќински и одговорно

Собранието на Здружението на пензионерите на Општина Центар на 27.12.2021 година ја одржа последната седница во 2021 година. Седницата ја раководеше новоизбраната претседателка на Собранието Љубинка Крстева.

Членовите на Собранието како што е ред, најнапред го усвоија записникот од претходната седница, а потоа поминаа на разгледувањето на финансискиот





план за планираните приходи и расходи за 2022 година на Здружението.

Планираните приходи за 2022 година изнесуваат 4.945.459,00 денари, планираните расходи 3.270.500,00, и остаток од 1.674.559,00 денари.

Членовите на Собранието нагласија дека ова здружение спаѓа меѓу оние кои многу домаќински се однесуваат кон пензионерскиот денар. Во реализирањето на програмските задачи и потребите на пензионерите од општината и во 2022 година ќе се однесуваат штедливо со голема одговорност кон приходите и уште повеќе кон планираните расходи.

По дискусијата финансискиот план за 2022 година беше целосно усвоен.

На седницата беше истакнато дека и во 2022 година ќе продолжи грижата за пензионерите од Центар, особено за оние на кои им е потребна материјална помош. Ќе биде доделувана еднократна парична помош. Исто така ќе се организираат активности за збогатување и разубавување на нивното секојдневие.

Како резултат на активностите, ЗП Центар заедно со локалната самоуправа, и со помош на новиот градоначалник, за кратко време, е отворен нов Пензионерски клуб во огранокот „Невена Георгиева – Дуња“, а има ветување и дека ќе се обезбеди простор за отворање клубови во ограноците „Гоце Делчев“ и „Миле Арсовски“.

На седницата за нов член на Надзорниот одбор беше именуван Слободан Несторовски.

Собранието избра и нова Статутарна комисија заради заминувањето и смртта на претходните членови. За нови членови се избрани Анастасија Стојанова и сега за жал, покојниот Спиро Николовски, а за претседател Љубинка Крстева.

**Цветанка Илиева**

ЗП Гевгелија

# Усвоени Програмата за работа и финансискиот план за 2022 година

На 28.12.2021 година ЗП Гевгелија ги одржа последните седници на ИО и на Собранието за 2021 година. Беа одржани во ист ден и со идентичен дневен ред. По усвојување на записникот најпрво беа разгледани и усвоени Извештајот на Надзорниот одбор и Финансискиот извештај за работата на здружението. По дискусиите се констатира дека и покрај пандемијата имало многу активности и домаќинско се работело и трошело. Претседателот на Извршниот одбор Велин Стоименов даде подетално објаснување за сè што се работело во 2021 година и тоа: реновирање на еден стан, реновирања во клубовите, како и повеќе хуманитарни акции. Пред Нова година се доделени 60 хуманитарни пакети со прехранбени производи во висина од 1.000 денари за социјално загрозените пензионери. Поделени се и 300 торбички за пазарење, а се очекуваат уште 100 кои дополнително ќе бидат дадени. Планирано е за Велигденските празници во 2022 година да се направи уште една хуманитарна акција.



Седниците се одржаа со почитување на правилата за заштита од вирусот. Во завршниот дел претседателката на Собранието Марија Николова и претседателот на ИО на присутните им посакаа здравје и успех во 2021 година.

**Јанка Узунова**

ЗП Гази Баба

# Заложба за поголем успех

На седницата на Извршниот одбор на ЗП Гази Баба, што се одржа при крајот на месец декември 2021 година, се разгледаа извештаите и програмите за работата на здружението, а пред тоа непосредно се изјаснија пензионерите преку посебни седници на членството, кои дадоа позитивни оценки, во сите единаесет разграноци, колку што ги има Здружението. По завршување на седницата на ИО, отчетна седница одржа и Собранието при ЗП Гази Баба во проширен состав. Главни точки од дневниот ред на седницата беа отчетните материјали, како што се, усвојување на финансискиот план за 2022 година, усвојување на Програмата за работа за 2022 година и усвојување на Извештајот за работата на ИО во 2021 година. Беше изразено и задоволство од планираното и оствареното во изминатата година. Како резултат на доброто и домаќинско работење на раководството, на органите и телата, се реализирани предвидените задачи, што значи дека успешно било спроведувано зацртаното и затоа постојано здружението чекори напред.



Воведно излагање по оперативната програма за работа за 2022 година имаше Ѓорге Андонов, претседател на ЗП Гази Баба, кој меѓу другото истакна дека приоритет во 2022 година ќе бидат повеќе значајни активности како што се културното живеење, спортските активности, активното стареење, соработката со повеќето здруженија и друго. Во оваа насока Андонов ги посочи активностите кои се планираат, како што се организирањето излети, хуманитарни акции, информирањето, солидарниот фонд, грижата за старите лица, инклузијата, волонтерството... Андонов, во програмата ја спомна и неопходната и задолжителна соработка со СЗПМ и применета на сите одлуки, предлози, ставови и препораки кои ги носи Сојузот.

На седницата извештајот за работата на ИО за 2021 година беше оценет како многу успешен. Тоа беше нагласено во воведното излагање на секретарот на Здружението Митко Карчев, кој ги образложи главните сегменти од дејствувањето во повеќето области и отчетноста во работата за 2021 година, со посебен акцент на постигањата на спортско–рекреативното, културно–забавното поле, здравствената заштита, социјално–хуманитарните активности и уште многу други кои се во содејство со СЗПМ и локалната самоуправа.

По предлог–финансиски план за 2022 година, кој предизвика голем интерес кај членовите на Собранието, извештај поднесе Стојна Тодоровска, администратор и сметководител на Здружението. Таа пошироко елаборираше нагласувајќи дека средствата се трошат наменски за активностите зацртани согласно со Програмата за работа.

По точките од дневниот ред, во дискусија се вклучија и активен придонес дадоа повеќемина од присутните.

**Васил Пачемски**

ЗП Лабуништа

# Сумирани резултатите од 2021 година

Секоја година ЗП Лабуништа на крајот од месец декември, поточно на 30 декември 2021 година во своите простории одржа годишно собрание, на кое се сумираа резултатите и проблемите за тековната година.



Седницата на Собранието во половина состав ја раководеше претседателот на Собранието и на ИО, Лутвија Салоски. По усвојување на дневниот ред претседателот поднесе извештај за работата на здружението и за финансискиот извештај за изминатата календарска 2021 год.

– Иако во период на пандемија, Програмата за 2021 година беше реализирана со исклучок на планираната петдневна екскурзија во Турција. Имајќи го предвид ова со сигурност може да се каже дека 2021 година, за ЗП Лабуништа беше успешна. Здружението зеде учество на регионалните пензионерски спортски натпревари што се одржаа во Кичево. Во текот на 2021 година, во услови на пандемија, со запазување на препораките од Комисијата за здравство и на СЗПМ за заштита од заразни болести, продолживме со активностите согласно со усвоената годишна програма за работа. Одржувани се седници на Собранието, Извршниот и Надзорниот одбор, на комисиите и ограноците, – истакна претседателот Салоски. По поднесените два извештаја, членовите на Собранието по обемните дискусии истите ги усвои.

Според дневниот ред беа презентирани и Програмата и финансискиот план за работа во 2022 година, а беа донесени и неколку значајни одлуки и тоа: одлука за реновирање на просториите на седиштето на ЗП Лабуништа и одлука за формирање на тричлена комисија за попис. Со предложената програма за 2022 година за работа на ЗП Лабуништа активностите ќе зависат во прв ред од епидемиолошката состојба со ковид 19, но акцентот ќе биде ставен на обезбедување подобри услови за пензионерите.

– Секако дека ќе продолжиме со активностите од културата и спортот, но ќе се залагаме преку СЗПМ да се обезбедат редовни исплати на пензиите и редовно усогласување на истите. Исто така Собранието и неговите органи и тела ќе ја организираат стручната служба да врши услуги на сите пензионери, членови на здружението, кои имаат потреба од: давање потврди за бањско лекување, регистрација на сопствено возило, добивање на погребни трошоци од солидарниот фонд, купување огревно дрво и друго, односно постојано ќе се грижиме за болните и изнемоштените членови, – истакна Салоски.

Предлог–програмата беше прифатена со нагласување дека таа нема да биде затворена со горенаведените точки, туку ќе биде отворена и ќе се збогатува со нови содржини. Седницата на Собранието заврши со меѓусебно честитање на Новата 2022 година со желба за добро здравје и убави пензионерските денови.

**Стојан Кукунешоски**

ЗП Струга

# Плодна седница на Извршниот одбор

На 25 декември 2021 година, Извршниот одбор на ЗП Струга ја одржа последната седница за 2021 година. Во проширен состав со членови на Комисијата за правно–економски прашања, Статутарната комисија, Активот на жени, членовите на Комисијата за информирање како и делегатот во Собранието на СЗПМ, во присуство на членовите на ИО на Здружението и претседателот на ИО и Собранието Милорад Трпоски, беа донесени значајни одлуки. Таа се одржа со физичко присуство на членовите, почитувајќи ги мерките за заштита од ковид–19. Седницата ја отвори и ја водеше претседателот на ИО и Собранието Милорад Трпоски, а присуствуваа како и секогаш, потпретседателот Зија Арслани и секретарот Изеир Мустафаи.



По воведното излагање, а според дневниот ред, претседателот поединечно им даде збор на претседателите од комисиите да поднесат извештај за својата работа во 2021 година. По нивните излагања, како и по дискусиите, се донесоа неколку значајни одлуки. Според последната точка од дневниот ред која беше најактуелна, информација за преземените активности во насока на добивање и менаџирање, односно на користење на старските домови, за кои и СЗПМ има зацртано во својата Програма за работа на оваа тема, отстапување на пензионерските објекти на здруженијата во трајно користење и друго. По оваа проблематика дискутираа Делче Илиевски, член на Комисијата за економски и правни прашања, кој е поранешен адвокот и специјалист по оваа проблематика, Минур Махмути, како и делегатот во Собранието на СЗПМ Хурем Даути. Беше продискутирано и за начинот за зголемување на пензиите. На крајот од седницата беше донесена уште една одлука и тоа на испразнетото место во Собранието, по смртта на еден член, да се предложи Лога Муратип, на кого ќе му биде и верификуван мандатот на наредната седница на Собранието на ЗП Струга.

**С. Кукунешоски**

ЗП Виница

# Усвоени Финансискиот извештај за 2021 и финансискиот план за 2022 година

Извршниот одбор на ЗП Виница на 10–тата седница го усвои Финансискиот извештај на Здружението за периодот од 1.1. до 30.11.2021 година и финансискиот план за 2022 год. На седницата беа поднесени и оставки од книговодителот, претседателот на Надзорниот одбор и секретарот на ЗП Виница.



На почетокот на седницата членовите на ИО на ЗП Виница се осврнаа на информацијата од одржаната музичка ревија на песни, музика и игри во 2021 година. Се констатираше дека поради пандемијата на ковид 19 сите активности се намалени, а земено е само учество на манифестациите во Македонска Каменица и Делчево со примена на протоколите за заштита. Иако има интерес и иницијатива за формирање на музичка група камен на сопнување е немањето финансиски средства, затоа за учество на манифестации се земаат членови од ФА Китка за што се издвојуваат повисоки финансиски средства. На седницата се расправаше и за одржаните регионални спортски игри каде што домаќин беше ЗП Виница, на кои освои 3 први места и прво место екипно. Првопласираните учествуваа на Републичките спортски натпревари организирани од СЗПМ во Велес.

Финансиското работење на здружението за 2021 година, беше проследено со бурни реакции и барања од ограноците на пензионерите во Виница за намалување на трошоците во администрацијата, односно книговодството да го води фирма консалтинг, а не ангажиран книговодител од здружението.

По презентацијата на вкупните приходи од 1.063.628 денари и вкупните расходи од 1.055.414 денари – акцентот беше ставен на точка 26 од расходи каде што по основ на главен долг од 169.001 денар, адвокатски услуги 23.316, трошоци за извршител 34.702, провизии 3.300 и камата 56.254 денари, најдобро решение на ЈП Солидарност Виница од сметката на пензионерите наплатено е 286.573 денари. На оваа состојба реагираше и претседателот на НО Ружа Гоцевска со образложение дека овие трошоци изминатите години не биле прокнижени, а сега се активира овој долг. Постојат фактури уште од претходното раководство, но истите до сега не биле платени. Поради оваа состојба и низа други кои не биле почитувани од извршните органи на ЗП Виница книговодителката Аника Ѓорѓиева и претседателот на НО Ружа Гоцевска си поднесоа усна оставка од функциите. Со гласање Финансискиот извештај за 2021 година на ЗП Виница беше усвоен, а исто така и финансискиот план за 2022 година, во кој е предвидено да се остварат вкупни приходи од 1.141.500 денари, а и расходи се идентични 1.141.500 денари, како и во 2021 година. Тензиите кај членовите на ИО се вжештија по информацијата за обезбедување огревно дрво на пензионерите со финансискиот извештај на сметката за дрва која е алармантна.

На седницата членовите на ИО донесоа одлука да се обезбедат 80 пакети за Новогодишните и Божиќните празници за изнемоштени, болни и пензионери со слаба материјална состојба во вредност од по 500 денари за што е формирана 3–члена комисија.

За работењето на клубовите општ заклучок беше дека поради пандемијата во сите клубови активностите се намалени. Заради лошата состојба и непочитувањето на одредени одлуки и секретарот на ЗП Виница Бранко Ефтимов си поднесе усна оставка која на Собрание детално ќе ја образложи. На седницата беа поднесени вкупно 3 оставки: на секретарот, на книговодителот и на претседателот на Надзорниот одбор.

**Петруш Димитров**

ЗП Валандово

# Од активностите на здружението

Здружението на пензионери од Општина Валандово, изминатата 2021 година, ја заврши со поголем број активности, а за крај, по предлог на Активот на пензионерките и претседателката Мита Бошнакова, на пензионерите им беа поделени скромни предновогодишни и Божиќни подароци. Во соработка со ЗП Гевгелија беа набавени 300 торбички за пазарење, кои по укинувањето на пластичните кеси по маркетите се неопходни за набавка на основните прехранбени продукти, и беа поделени на пензионерите од општината. Беа донирани и производи од прехранбените капацитети „Биоприм“ и „Фанци“ од Валандово. Беа поделени торбички со скромни подароци на членовите на ЗП Валандови како и на случајни минувачи–пензионери пред Клубот на пензионери. Пензионерите кои добија вакви скромни подароци беа задоволни и пресреќни, и се бараше торбичка повеќе.

На крајот од 2021 година, Извршниот одбор ја одржа редовната седница на која беа разгледани Предлог–програмата и предлог–финансискиот план за 2022 година. Во Програмата посебно се нагласува социјалниот и хуманитарен карактер во работењето. Од страна на членовите овие два значајни предлога беа едногласно прифатени и дадени пред Собранието на Здружението.



На 24 декември во салата на Пензионерскиот клуб во Валандово, Собранието ја одржа годишната седница на која присуствуваа две третини од членовите и на која беа усвоени Програмата за работа на Здружението за 2022 година како и финансовиот план за истата. Од страна на делегатите беа поставени повеќе прашања околу одредени ставки во планот. Акцент беше даден на податокот дека за 2022 година, на предлог на СЗПМ, ЗП Валандово ќе биде домаќин на регионалните спортски пензионерски игри за што ќе треба секој член на Собранието да се ангажира за успешно организирање на истите. На крајот се направи и заедничка фотографија, за спомен на овој состав и следуваше дружење.

**Горица Михајлова**

ЗП Битола

# Мариово оттргнато од заборав




Творештвото на пензионираниот професор Јован Ѓуровски посветено на Мариово содржи поезија, раскази, хуморески и друг вид творби со што тој низ една творечка лепеза како да го продолжува заветот на Стале Попов да се опише сѐ она што било карактеристично за овој крај кој се протега меѓу Битола, Прилеп и Кавадарци. Јован Ѓуровски, како внук од прв братучед на Стале Попов, досега објавил богато литературно градиво што го сместил во 12 тома.

Роден е во с. Витолиште, а по завршување на Учителската школа во Битола и Филозофскиот факултет во Скопје, целиот работен век го помина во образованието. Започна да пишува од 1994 г. и до сега објавил 25 книги, а од 2004 г. иако како пензионер живее во Битола и Старавина, не престанува да крстосува низ денес проретчените мариовски села и како вредна пчела да го „собира" и публикува најинтересното, оттргнувајќи го од заборав. Многубројните награди и признанија што ги има добиено за тоа се потврда дека секогаш бил на вистинскиот пат покрај просветната ангажираност кон најмладите да им ја вгради и љубовта кон книгата и пишувањето. Деновиве излезе од печат романизираната биографија на „Комитата Јован Ѓуров – Ѓуровчето" за која неговиот колега Горѓи Лазаревски напиша:

– Стилот во раскажувачката лепеза на Ѓуровски е лесен, разбирлив, приемлив и за непребирливите читатели, исто како кај Стале Попов, е раскажување на реалноста и доживеаноста нему, или на тие околу него во животот, најчесто за вистински настани што се случиле, или можеле да се случат во современоста. Дејствијата во целокупната фабула се убаво поврзани со, пластични изрази. Располага со убави раскажувачки спреги. Јован Ѓуровски има свое живеалиште и во Старавина, познато село по легендарната Калеш Анѓа.

„Главната личност Ѓуровчето, како и многу борци за слобода на Македонија паѓале во немилост, но многу од нив останале заборавени. Куќа се гради со големи камења, особено на ќошовите, но никогаш и без малите што мора и треба големите да ги поврзат. Воопшто не била таа борба успешна или неуспешна без другите комити, четници, партизани, помагатели на војсководачите кои биле изложени на поголема опасност од своите старешини, иако историјата ги забележала само поголемите. Но, дали тие сами би ја воделе таа војна без да бидат поддржувани од другите нивни истомисленици – народот", пишува Гуровски.

Ѓуровски заради својата голема љубов кон литературата не ја запоставувал својата основна педагошка дејност, заради која е награден како истакнат педагошки работник. Има добиено повеќе награди и признанија за педагошката и литературната дејност.

– Се чувствувам многу задоволен и горд што дадов еден скромен придонес за минатото на Мариово, потстрек и други да се зафатат и да го истражуваат. Тоа е неисцрпно богатство кое и натаму ме мотивира и инспирира да истражувам и пишувам. Мариово не смее да падне во заборав. Тоа е крај што заслужува често да се посетува зашто обилува не само со богато историско минато, туку и природни богатства кои го прават карактеристично во овие наши простори, – вели Ѓуровски.

**П. Ставрев**

ЗП Пехчево

# „Песна на песната" од Рате Савев



Со финансиска поддршка од Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија неодамна излезе од печат книгата „Песна на песната" од пензионираниот професор од Македонски Брод Рате Савев. Стихозбирката содржи два тематски дела: љубовен копнеж и родољубие. Инспирацијата е од сопственото искуство и од македонската народна песна. Направен е спој на поетскиот и народниот стих. Чувствата се испреплетуваат со љубовните изливи кон саканата и со патриотските варијации за македонските херои. Во 70 песни во првиот дел опеан е љубовниот копнеж кон девојката, искрено, онака како ја доживува поетот. Во првите песни ја возвишува македонската народна песна спомнувајќи ги македонските имиња кои се во исчезнување: Донка, Мара, Магда, Кате, Лиле, Ленче, Цвета, Ѓурѓа, Билјана, Јована, Менче... Поетот опоменува дека нема поубаво име од нашето македонско и кога ќе се запее за земјата македонска, нема поубава песна. Во вториот дел се поместени 10 песни кои соодвествуваат со 15 македонски револуционерни народни песни, а со почит кон народните херои и јунаци. Авторот не потсетува оти треба да се има почит кон оние кои своите животи ги дале за слободата и иднината на Македонија. Тоа го доживува како незаборав на минатото, на историјата. Во некои песни има и пораки како што се „За пример да е", „Македонче" и други.

Некои настани спознаени од живите борци ги преточува во стихови и сеќавања од НОВ. Песните може да се читаат и пеат исто како и народните. Во дел од рецензиите за поезијата на Рате Савев, рецензентите напишале:

– Делото „Песна на песните" е уникатен пример од ваков вид во поезијата во македонската литература. Во ова капитално дело поетот Рате Савев се обидува да создаде паралелно огледало наспроти фолклорната поетика во која ќе се согледуваат минатото и сегашноста, а можеби ќе се загледуваат како момче и девојка на чуден начин, тивко ќе се довикуваат во времето што е и почеток и крај. (м–р Никола Илијоски).

– Читајќи ги песните наидуваме на обид да се излезе од маргините на класичното пишување поезија. Според мене збирката песни претставува смирена приземјена поезија која е своевидна исповед на поетот. Топло ја препорачувам на сите љубители на поезијата. (проф. Христина Трпчевска)

Комплексноста на задачата која си ја поставил авторот да ги сплоти во една композиција македонските изворни песни и неговите современи гледишта, создава гранитно поетско дело кое ги зацврстува македонските духовни темели, дело кое е вистинско самопронаоѓање на искрениот Македонец. (проф. Зоран Трпчевски)

Рате Савев е роден во с. Сопот, Свети Николе. Објавувал повеќе текстови и во стручни списанија. Добитник е на многубројни дипломи, признанија и награди.

**Александар Кацарски**

ЗП Прилеп

# „Крици од дамарите"




„Крици од дамарите" е новата поетска петта по ред во творечкиот опус на пензионерот Блажо П. Стојаноски. Во неа се објавени 65 песни со историско–родољубива содржина. Збирката е ново поимање, или трагање по духовното самоизлекување, излив на внатрешен порив, каде што во сенката на солзите и плачот на мајките застанува неговиот здив. Оваа збирка е резултат на долгогодишната дружба со дејствијата и творбите, видување низ призмата на возрасност.

Дејствието во песните се одвива во една вообичаена позната средина, тука околу нас, раскажано преку секојдневно присутните поими и начин на интерпретација во една целовитост, забележува критичарот и рецензент на оваа збирка на Стојаноски, Мирко Томевски.

Блажо Стојаноски сега е 71–годишен пензионер и од подамна пишува поезија и раскази. Според него досега има напишано преку илјада песни, а 400 од нив се сместени во пет поетски збирки. Во 2014 година ја објавил првата стихозбирка „Зборот на разборот", а по една година „Душевно везило". Во 2016 излегуваат од печат „Непребол" и збирката кратки раскази „Бездомникот", а по една година и збирката песни насловена „Вино и солзи". Последна збирка поезија што неодамна излезе од печат носи наслов „Крици од дамарите". Кој е Блажо Стојаноски?

– Пишувањето за мене е излевање на некој отров од душата, можеби затоа пишувам родољубива, патриотска поезија, иако во моите збирки може да се најдат и песни со еротични мотиви, – вели Стојаноски. Тој е член на Клубот на љубителите на литературното творештво и досега има учествувано на многу поетски читања во градот и надвор од него, од каде што има добиено многу награди, иако како што тој вели малку скромно, „ние сме втор, или трет ешалон, поети. Но, нема да запрам да пишувам се додека излегуваат крици од моите дамари", забележува Блажо Стојаноски, кој со свои две песни настапи на поетско–музичката манифестација што беше организирана од страна на СЗПМ во Прилеп, по повод 75 години од пензионерското организирање во Македонија и 100–годишнината од раѓањето на поетот Блаже Конески.

**К. Ристески**




ЗП Гази Баба

# Доделени вредносни ваучери и новогодишни пакетчиња

Раководството во согласност со програмата за работа на ЗП Гази Баба и Активот на пензионерките при здружението, оваа година средствата за прослави и други активности ги пренасочија во хуманитарни цели. При тоа успешно се реализирани три хуманитарни акции при крајот на месец декември 2021 година. Она што заслужува посебно внимание, кога се во прашање успешни активности, беа доделени 90 вредносни ваучери во износ од 1.000 денари, на семејствата на пензионери членови на Здружението, а починати од ковид 19, од подрачјето на општините Гази Баба, Петровец и Арачиново. Согласно со одлуката вредносните ваучери треба да бидат искористени во КАМ–маркетот, за купување прехранбени продукти.

Беше донесена одлука да се додели хуманитарна помош од по 5.000 денари, на две деца, за операција на бубрег и за починат родител од ковид 19, чии родители се членови на Здружението.

На прагот на Новогодишните и Божиќните празници, кога си посакуваме најубави желби и кога децата со нетрпение ги очекуваат своите подароци, раководството од ЗП Гази Баба и Активот на пензионерки, се погрижија да им ја разубават празничната атмосфера и да ги израдуват децата штитеници од СОС „Детско село“ со 120 новогодишни пакетчиња полни со слатки изненадувања.

– Целта ни е на подароците да им се израдуваат децата, затоа што нема поубаво задоволство од насмеани и среќни детски лица. Овие години се тешки, а најмногу се погодени децата. Се намалија нивните дружења, се промени начинот на следење на наставата и друго. Токму затоа, на децата од СОС „Детското село“ сакаме да им ги разубавиме Новогодишните и Божиќните празници, и да им посакаме, пред сè, многу здравје и што повеќе безгрижни детски денови.

**Васил Пачемски**

# Светот една целина

Нашата вековна земја, постојано минува низ промени и турбуленции. Со развојот на технологијата луѓето можат да го збогатат својот живот но, и да го осиромашат. Последниве две години сиот свет како да се поврза во една целина. Луѓето ја испитуваат вистината, ја бараат и многу нешта излегоа на виделина. Вирусите би требало да се дел од еден природен животен циклус на здравје и болест, сепак дури и графички станаа наш сопатник во секојдневниот живот. Сите тие мали ситни животни форми кои ги има насекаде, го преокупираа нашиот живот. Потребата од медицина и знаење од медицината повторно го глобализира светот. Но, впрочем и не е само медицина, во откривање на потеклото на ова ново зло, се вклучија сите.

Во живеењето на „новата парадигма“ се вклучени сите без остаток. На социјалните мрежи се појавија групи кои се занимаваат со преиспитување на научните вистини и теории. Науката сака да даде одговор но, заглавена е во теории, кои не можат да преминат во закон. Сликата на светот градена преку медиумите досега почнува да се атомизира, да исчезнува. Сите форми почнуваат да исчезнуваат и да се бараат нови. „Ordo ab haos“, се слуша одвреме–навреме, требало да се дојде до потполн хаос, за да може да се изгради нов ред. Луѓето го загадија светот, а сега сите луѓе повторно се повикани да се грижат тој потполно да не пропадне. Светот сака да се поврзе во целост и да се унифицира до тој степен, така што да се создаде посакуваниот Нов светски поредок, кој од светските олигарси се промовира како единствено решение и потреба за новите проблеми на новиот свет.

Така нашиов свет, за чија старост сè уште нема унифицирана бројка (дали се работи за милениуми и или илјади години), односно има многу гледања на неговата старост, сега има потреба да се преуреди и подреди, којзнае до некој нов хаос и потреба од нов ред. Од каде сета таа потреба? Дали е реална и вистинска? Што всушност треба да се менува? Ако гледаме од аспектот на филозофијата и психологијата, ќе забележиме дека под потребата од ново, нов ред, ново сфаќање, ни се подметнуваат и нејасни парадигми или можеби парадигми кои не водат во еднонасочност. Токму тие потребата од унифицирање ја претвораат во прикриено или отворено принудување. Филозофофски гледано: „Сè тече и се се менува“, и светот треба да се набљудува во парадигми кои му помагаат на човекот како сложено битие кое има различни видови потреби. Имено, многу е важно во микрокосмосот да го гледаме макрокосмосот. Па така еден мудрец ќе рече: „Во една капка роса, го гледам сиот свет“.

Психолошки уште не сме ги научиле лекциите кои се откриваат со оваа наука. Односно не се оди кон тоа човекот да се развива во уште пoслободен и покреативен, туку тој се воведува во еден свет кој наликува на компјутерска игра. Којзнае дали светот може да каже која е најважната наука, која ќе им диктира на другите науки, како да постапуваат во една состојба полна со непознаници и прашалници. Но, старите луѓе се тука да посведочат дека светот не е само географска ширина и не е само надворешна експанзија, светот е и барањето смисла. Постарите генерации се постојани сведоци, дека во многу ситуации може да се пронајде смисла и да се избегне површното согледување, во кое човекот треба да се сведе на експериментално глувче, при што се тестира неговата издржливост.

Е, токму издржливоста е добра особина на постарите луѓе. Особено нашиот македонски народ кој издржал многу и научил многу. И никогаш не се откажал од својата неповторливост и оригиналност. Не се откажал од слободата самостојно да ја избере својата лична реакција на она што се случува. Ниедна школа за социјален инженеринг нема да може да ја одгатне до крај загатката на овој народ, мудроста која се собирала низ вековите. Ниту институти и етнопсихолози не ќе ја пронајдат формулата на Македонците. Можат на ДНК–то да влијаат и толку, на ништо друго! Тоа да си го знаат! **Маја Белева**

ЗП Гевгелија

# Зегин се грижи за нашето здравје

Здравјето е приоритет на секој човек. Следејќи ги светските трендови ЗЕГИН се грижи за здравјето и благосостојбата на луѓето. Бевме пријатно изненадени кога на 23.12. 2021 година, Здружението на пензионерите во Гевгелија го посетија вработени во ЗЕГИН и направија презентација на некои производи. Тие на пензионерите им поделија торбички за пазарење во кои имаше суплементи, маски, кремови и друго. Нивното обраќање беше со топла насмевка и стручни совети. Тоа секако може да го направи само ЗЕГИН.




Пензионерите беа благодарни и рекоа дека тие секој месец, штом ќе пристигнат пензиите, ги посетуваат аптеките на ЗЕГИН за да си ја земат редовната терапија. Благодарение на средбата и добиените информации и понатаму ќе купуваат суплементи и витамини кои се од витално значење и се неопходни за многу функции на телото, а и за подобар имунитет, поготово за нас пензионерите во ова пандемско време.

**Јана Узунова**

ЗП Кратово

# Кратовските тамбураши и пензионерки на гости во „Везилка“ на Алфа ТВ

Кратовските тамбураши, во состав: Методи Мишевски – бас, Трајче Ефремов – бас прим, Гоце Димитров – прим, Милош Димитровски – гитара, Димитар Атанасов прим (сите петмина пензионери) и Борис Милевски – чело (лекар), зедоа учество во емисијата „Везилка“ на Алфа ТВ која се емитуваше на 13.02.2022 година.

Кратовските тамбураши настапија со три популарни кратовски песни: „Од како ме остави“, „Каква мома видов“ и „Која мома да пишемо“.

Во емисијата зедоа учество и три пензионерки, членки на ЗП Кратово: Верка Алексова, Мира Станковиќ и Становитка Стојановска со подготвени кратовски специјалитети храна.





Настапот на кратовските тамбураши беше феноменален што може да се заклучи и од коментарите на гледачите на емисијата „Везилка“ на Алфа ТВ на социјалните мрежи, а исто така позитивни коментари предизвика и подготвената храна од пензионерките, како интересните прилози за Кратово, што доведе до епитетот „најгледана емисија“ во последниот период.

**Методи Мишевски**

ЗП Куманово

# Обележување на Св. Валентин и Св. Трифун

На 14–ти февруари 2022 год. во просториите на ЗП Куманово традиционално се одржа меѓугенерациска средба по повод празниците Св. Валентин – денот на вљубените и Св. Трифун – празник на виното и лозјето.

Членовите на ЗП Куманово во соработка со волонтерите на ОО на Црвен крст се потрудија барем за кратко на присутните пензионери и членовите на Црвениот крст да им измамат насмевка и за миг да заборават на денешново секојдневие наречено Ковид–19.

Во почетокот на присутните им се обрати претседателот на ЗП Куманово, Благе Јакимовски со пригоден збор. Потоа се читаа песни напишани од вештите пера на Душка Гиевска, Мирјана Стојчева и Исмаил Ганиу.

Убави песни со соодветни содржини испеаја: Калина Бошковска, Радосвет–Стил–Илиевски и Владанка Поповска, во придружба на маестро Боге Стојановски на синтисајзер. Песните беа проследени со силни аплаузи од страна на публиката. Народот наш сака да ужива и да се смее. За тоа се погрижи Гордана Поповиќ со чиј текст а заедно со Дивна Јовановска одигрувајќи го скечот „Чао Корона“ ги насмеаја до солзи присутните.

Младите волонтери Елена Цветковска, Ивана Крстевска, Лана Јовановиќ и Адем Левиќ со својата младост и умешност ја збогатија програмата. И тие пееја, рецитираа, раскажуваа...

За крај да им се заблагодариме на раководството на ЗП Куманово што ни ја овозможи оваа убавина.

**Љиљана Тричковиќ**

Македонска Каменица

# Солидарни пакети за Новогодишните и Божиќните празници

Здружението на пензионери Македонска Каменица во соработка со Општина Македонска Каменица, како секоја година и оваа година, ја реализира традиционално акцијата Солидарни пакети за стари, болни и изнемоштени пензионери.



Со оваа акција се поделија 180 солидарни пакети со прехранбени производи на пензионери – членови на Здружението, т.е. родени до 1940 година, болни и изнемоштени пензионери.

Претседателката Јаворка Соколовска со претставници на Здружението и градоначалникот на Општина Македонска Каменица Димчо Атанасовски ја започнаа традиционалната акција со посета на пензионери – членови во нивните домови со што се покажа грижата кон своите членови. При посетата на пензионерите во нивните домови не можеше да се скрие нивната насмевка и радост.

Акцијата започна пред Новогодишните празници и истата беше завршена за Божиќните празници.

Здружението на пензионерите – Македонска Каменица е едно од најактивните невладини организации во Општината. Оваа активност покажува дека тоа се грижи за своите членови, а ќе продолжи и во иднина да дејствува активно изнаоѓајќи нови содржини на активности со кои ќе се придонесе здраво и активно стареење на пензионерите, членови на Здружението.

**J. C.**

ЗП Пробиштип

# Традиционално негување на обичаите

Јануари и февруари се месеци во кои има најмногу православни празници кои се проследени со многу традиции и обичаи што се негуваат во Пробиштипско–злетовскиот регион. Почнувајќи од Коледе и коледарчињата кои ги симболизираат ангелите, па Бадниковата вечер кога се бдее во пресрет на Христовото раѓање, потоа Божиќ кога се прославува раѓањето на спасителот со богата трпеза бидејќи завршува седумдневниот пост, потоа Василица кога се дели лепче со паричка, Богојавление – Водици кога се осветуваат водите во реките во чест на Христовото крштевање, Свети Трифун, кога се закројуваат лозјата. Следуваат пролетните и летните празници.



Годинава Активот на пензионерките при ЗП Пробиштип, на Богојавление – Водици, во големата сала на пензионерскиот дом организираше богата трпеза на која беа прикажани прехранбените производи поврзани со наведените празници.

Придржувајќи се на протоколите пропишани од Комисијата за здравство, Владата на Македонија и од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, се собраа петнаесетина пензионерки кои ги подготвија овие вкусни и несекојдневни јадења. Тука беа во прв ред подароците за коледарчињата, како што се оревчиња, костенчиња и колачиња, потоа Бадниковата погача, зелници и баници, пресни погачи кои се подготвуваат за Богојавление – Водици, и неодминливата пивтија.

Претседателката на Активот на пензионерките при ЗП Пробиштип на почетокот направи краток осврт за значењето на овие наши празници и обичаи, притоа посакувајќи им на сите добро здрајве и уште многу години да се собираат на ваква трпеза со најубава желба ова да стане традиционално, бидејќи нашите традиции се наше обележје, обележје на македонскиот народ. Таа уште еднаш им се заблагодари на жените кои со голема љубов ја подготвија оваа трпеза, а пензионерките пак задоволни за предлогот да се продолжи традицијата, го поздравија со бурен аплауз.

Присутните ги поздрави и претседателот на ЗП Пробиштип Груица Манасијев, кој ја поздрави иницијативата оваа акција да стане традиционална, и на сите им посака добро здравје и многу среќа и уште многу заеднички дружења.

**М. Здравковска**

# Ku shpenzohen mjetet e pensionistëve nga anëtarësia

Kohët e fundit në opinion është interesim i madh se si veprojnë shoqatat e pensionistëve dhe Lidhja, respektivisht si i kryejnë aktivitetet e tyre në kushte të pandemisë, e posaçërisht është i pranishëm interesimi se si shoqatat i shfrytëzojnë mjetet në emër të anëtarësisë.

Shoqatat e pensionistëve janë organizata qytetare, joqeveritare dhe jopartiake të bashkuara në Lidhje të shoqatave pensioniste të Maqedonisë (LShPM) në të cilën lidhje anëtarësojnë 53 shoqata. Ekzistojnë edhe tri lidhje të tjera, por unë do i referohem punës së shoqatave - anëtare të LShPM. Me bashkimin në Lidhje, shoqatat nuk e humbin cilësinë e personit juridik dhe autonomin e tyre, por vazhdojnë të veprojnë me respektim të ndërsjellë dhe zbatimin e Statutit të vet dhe Statutit të Lidhjes. Këto organizata qytetare kanë histori të gjatë ngase ekzistojnë më se 75 vjet. Në pajtim me Ligjin për sigurim pensionist invalidor, secilit pensionist gjatë parashtrimit të kërkesës për pension, në bazë vullnetare me pajtimin e tij, i ndahet pjesë nga pensioni për fondin solidar (ndihmës në rast vdekje dhe anëtarësi), mjetet të cilat ruhen në nën llogari të veçantë në Fondin për sigurim pensionist invalidor, në korniza të llogarisë së veçantë. Pjesë nga mjetet në emër të ndihmës në rast vdekje të ndarë me pajtim të vetë pensionistëve përmes delegatëve të tyre, përkohësisht është 140 denarë, për arsye të rritjes së vdekjeve të pensionistëve shkaktuar nga Korona virusi dhe mungesës së mjeteve për pas vdekjes. Nga këto mjete, nga ana e Fondit, familjes së pensionistit të vdekur i paguhet 30.000,00 denarë. Për anëtarësim të pensionistit në shoqatë, gjithashtu, në bazë vullnetare, ndahen 30 denarë të cilat LShPM i mban në llogari të veçantë dhe vepron në bazë të akteve të Këshillit të Organizatës së regjistruar për ndihmë në rast vdekje dhe anëtarësie. Nga këto mjete, në llogaritë e 53 shoqatave të pensionistëve çdo muaj ju lëshohen nga 27,50 denarë, sipas numrit të anëtarëve të tyre, ndërkaq, 2,50 denarë ndahen për aktivitete të përbashkëta në Lidhje.

Me vendim të Lidhjes, janë vërtetuar kritere unike për punën materiale-financiare të shoqatave të pensionistëve dhe LShPM, respektivisht është vërtetuar kornizë e përgjithshme juridike për shfrytëzim të mjeteve nga anëtarësia. Domethënë, në pajtim me vendimin e theksuar, shoqatat dhe Lidhja, si të ardhura burimore për financimin e veprimtarisë së tyre kryesisht shfrytëzojnë pjesën e ndarë nga anëtarësia. Ato mjete financiare shoqatat dhe Lidhja i shfrytëzojnë për realizim të qëllimeve dhe detyrave të tyre të vërtetuara me statutet dhe programet e tyre për punë. Duke marrë parasysh se në opinion është vënë në pyetje se për çfarë qëllimesh në këto kushte pandemie harxhohen mjetet nga anëtarësia, ja vetëm disa nga ato aktivitete: dhënie ndihme në të holla; pako sociale ose kuponë për blerjen e artikujve të caktuar; ndihmë për nevoja shëndetësore (ilaçe, shërim në banja, për mjete ndihmëse ortopedike, intervenimeve kirurgjike e të tjera); ndihmë për sigurim të ngrohjes; mbulim i pjese të dëmeve të shkaktuara nga aksidentet dhe fatkeqësitë elementare dhe ngjashëm; transport kolektiv në komunikacionin publik; udhëtime rekreative; mirëmbajtja dhe rinovimi i shtëpive të pensionistëve; hapje klubesh pensionistësh dhe mirëmbajtja e tyre e të tjera.

Për këto kategori aktivitetesh, secila shoqatë ndanë sasinë prej 25% nga shpenzimet e planifikuara për vitin aktual. Pozicione sociale, solidare dhe qëllime të tjera për ndihmë anëtarëve në të holla dhe në formën materiale, shoqata e vërteton me planin financiar dhe me aktet e veta në pajtim me këtë vendim. Gjithashtu, i vërteton kriteret dhe organin i cili vendos për ndarje ndihme (këshill ekzekutiv, komision etj.) Sa i përket tarifës të personave të zgjedhur, ato me Vendimin janë vërtetuar me diksion "deri" duke filluar nga 2.000 denarë, dhe sasia më e lartë është 15.000 denarë, duke marrë si kriter numrin e pensionistëve-anëtar të shoqatës. Padyshim se vetë lartësia e këtyre tarifave flet se pjesa më e madhe e aktiviteteve është në baza vullnetare. Është me rëndësi të theksohet se Lidhja me mbështetje materiale merr pjesë edhe në projekte të përbashkëta siç është mbështetja financiare e veprimtarisë botuese dhe krijimtarisë e anëtarësisë, projekte për plakje të shëndetshme, inkluzioni i të rriturve në të gjitha sferat të jetës dhe në të gjitha nivelet, pasurimi dhe zgjerimi i vëllimit ekzistues i vullnetarizmit, përgatitja e kartës sociale të pensionistëve e cila fatkeqësisht nuk është implementuar në tërësi, ndihmë shoqatave më të vogla për aktivitetet e tyre, bashkëpunimi ndërkombëtar etj. Në kushte të pandemisë theks i veçantë i jepet ndihmës sociale-humanitare pensionistëve si: bashkëpunimi me ekipet mobile në komunat dhe Kryqin e kuq, por shoqatat dhe Lidhja kanë edhe aktivitetet e tyre tradicionale siç janë garat sportive dhe revyalet folklorike të cilat mbahen në nivel regjional dhe republikan. Gjithashtu, Lidhja çdo muaj boton gazetë pa pagesë "Penzioner plus" për daljen e së cilës janë të nevojshme mjete.

Kuptohet se në punën e shoqatave dhe Lidhje nuk është gjithçka ideale, megjithatë ekzistimi i LShPM dhe i shoqatave plot 75 vite, është vërtetim se ky asociacion i mbron interesat e pensionistëve dhe si rezultat i saj në këtë Lidhje janë anëtarësuar 282.000 pensionistë. Shoqatat e pensionistëve dhe Lidhja edhe kësaj here tregojnë se dera për anëtar-pensionist të shoqatave nuk është e mbyllur dhe kush e di se për të satën herë shoqatat e pensionistëve dhe lidhja do të tregojnë se janë në nivel të detyrës dhe se mjetet të cilat anëtarët i ndajnë shfrytëzohen sipas "PREJ TYRE PËR ATO" edhe tani edhe në të ardhmen për aktivitetet të cilat i kemi planifikuar të cilat na presin.

**Stanka Trajkova, kryetare e LShPM**

Të ndihmohen pensionistët me pensione të ulëta

# Të kujtojmë!

Lajmi më i ri është se ShA Posta do të fillojë me dërgimin e pensioneve në shtëpi, shërbim i pritur dhe i kërkuar nga pensionistët, por nga ana tjetër lajmi ka shkaktuar edhe reaksione të mëdha. Shumica e reaksioneve nga pensionistët kanë të bëjnë për çmimin e shërbimeve. Domethënë, sipas informacioneve të shpallura në media, çmimi i shërbimeve është:

- Për pensionet deri më 5.000 denarë - 70,denarë
- Për pensionet prej 5001,00 deri më 9.000,00 denarë -100,00 denarë
- Për pensionet prej 9001,00 deri më 15.000,00 denarë - 130 denarë
- Për pensionet mbi 15.000,00 denarë - 160 denarë

Duke parë çmimet e shërbimeve parashtrohet pyetja se a janë ata të caktuara drejtë dhe a ka qenë i pranishëm momenti i mbrojtjes së veçantë të pensionistëve me pensione të ulëta. **Për tu kujtuar, më parë kur të gjithë pensionet paguheshin përmes postës, harxhimet e postës mbuloheshin në korniza të sistemit pensionist.**

Në kushte aktuale ShP Posta, Halkbanka e cila thuhet "Banka e Popullit" dhe NLB duhet t'i rishqyrtojnë çmimet e shërbimeve dhe të caktojnë çmime përmes të cilave do të mbulohen vetëm harxhimet reale, e jo të realizohet fitim me bërjen e këtyre shërbimeve.

Gjithashtu, një mënyrë tjetër e mundshme do të ishte edhe subvencionimi tek pensionistët me pension më të ulët nëse do të merrej parasysh se jemi shtet social ku qëllimi duhej të ishte përmirësimi i statusit social i qytetarit.

**Stanka Trajkova, kryetar i Lidhjes së shoqatave të pensionistëve të Maqedonisë**

Tetovë, Bisedë me Mahi Nesimin, fitues i çmimit "11 Tetori" për vepër jetësore

# Më shumë të shkruhet - më pak të mbahet mend



Shkalla e jetës e tetovarit Mahi Nesimi, pensionist, është specifike i cili kohën më të gjatë ka kaluar në gazetari, por ishte edhe ambasador, më pastaj i papunë, më pastaj kohën e punës do ta kalojë në Sekretariatin për implementimin e Marrëveshjes kornizë të Ohrit - deri në pensionim.

Duke u orientuar për fakultetin e shkencave politike (në Zagreb ka kryer drejtimin e politikës së jashtme), gjithnjë është udhëhequr nga dëshirat personale se si ta plotësojë rrugën e jetës, gjithnjë me shpresa, pritje... Megjithatë, deviza e tij ishte gjithnjë të shkruaj, që të dihen gjërat dhe të mbarten në gjeneratat, ndërkaq, më pak të mbahen mend. Në këtë kuptim përveç shkrimit të teksteve si gazetar, ka botuar edhe gjashtë libra - punime para së gjithash nga sfera e publicistikës. Për gjithë çka ka shkruar, që ka lënë pas vetes si burim për gjeneratat, Mahi Nesimi në vitin 2021 është fitues i çmimit "11 Tetori" për vepër jetësore.

- Të gjitha mirënjohjet dhe çmimet më janë të dashura, por kjo është mirënjohja më e madhe për punën time dhe për të gjithë atë që pata sukses që ta vë në letër dhe inkuadrimin në libra. Prandaj edhe e përjetoj si më të madhe dhe më të vlefshme. Nga çmimet të cilave posaçërisht jam gëzuar është ajo e vitit 1994 "Mito Haxhivasilev - Jasmin", nga sfera e gazetarisë dhe në vitin 2009 nga sfera e publicistikës.

● **Thoni "sa më shumë të shkruhet", çka shkruat Ju dhe çka keni lënë?**

- Në gazetari kam filluar në "Flaka e Vëllazërimit" në vitin 1982 si gazetar - fillestarë. Më pastaj isha redaktor në gjuhën shqipe në Radio Shkup, e më pastaj edhe gazetar në programin e parë në gjuhën maqedonase. Isha edhe redaktor i revistës "Lobi" (në gjuhën shqipe). Kam shkruar shumë tekste. Megjithatë, gjashtë librat e mi përfaqësojnë "freskim" të vërtetë. I pari është "Vorbullat shqiptare" i cili përveç në shqip, është përkthyer edhe në gjuhën kroate. Më pastaj pasojnë "Dëshira e varur", "Përfaqësuesit shqiptar në qeveri të Maqedonisë nga viti 1945 deri më 2010" (ministra, zëvendës, deputet), "Nexhat Agolli - atdhetar i harruar, "Shqiptarët në RM dhe e ardhmja e shtetit", dhe "Fjalorth i zgjedhur". Të gjithë librat janë në gjuhën shqipe (përveç të parës), ndërkaq, deri më tani nuk më është ofruar ndonjë botues për përkthim në gjuhën maqedonase, që nuk është e pamundshme.

● **Ishit edhe ambasador i Republikës së Maqedonisë në Republikën e Kroacisë, e më pastaj?**

- Diçka më tepër se tre vjet (në periudhën 2003 - 2006) isha ambasador i vendit tonë në Republikën e Kroacisë. Ajo praktikisht ishte vendi për të cilën u shkollova. U përpoqa të jem në nivel të detyrës. Askund nuk kam takuar diçka negative për punën time si ambasador. Megjithatë, ndodhi, pas mbarimit të mandatit, të mbetem në rrugë. Më tepër se një vit isha - i pa puna. Më pastaj u punësova në Sekretariatin për implementimin e Marrëveshjes së Ohrit.

● **Tani kënaqeni në vitet pensioniste. Cilat janë preokupimet e Juaja të tanishme?**

- Krijoj. Vazhdoj të gjurmoj pas përmbajtjeve të reja. Edhe pse tanimë tre vite jam pensionist, deri më tani nuk më kanë kontaktuar nga Shoqata e pensionistëve në Tetovë, por edhe unë nuk jam përpjekur edhe pse ndjehem i fuqishëm që të ndihmojë dhe të kontribuojë në kënaqjen e nevojave të përditshme të pensionistëve. Mendoj se do të ishte mirë që në kuadër të ShP Tetovë, të formohet Klub i pensionistëve - fitues të çmimeve të larta shtetërore e të tjera. Këto anëtar do të takoheshin kohë pas kohe, që të diskutojnë për probleme dhe çështje nga i gjithë regjioni. Mendoj se do të kishin dalë edhe shumë çështje tjera, specifike për komunat, e posaçërisht për nevojat e pensionistëve. Unë e shpreh gatishmërinë time të marri pjesë dhe të jap kontributin tim, - na tha në fund Mahi Nesimi.

**Gojko Eftoski**

ShP Dibër - Qendër Zhupë

# Pas dy viteve të tëra janë përtëritur aktivitetet e pensionistëve



Me paraqitjen e pandemisë Kovid 19, u reduktuan disa takime të pensionistëve si në Dibër, po ashtu edhe në komunat tjera të shtetit tonë. Pas rreth dy viteve janë përsëritur takimet e pensionistëve të shoqatave. Një nga ato ishte takimi i ShP Dibër dhe Qendër Zhupë me përfaqësuesit e ShP Strugë, të udhëhequr nga kryetari Millorad Tërpevski. Nikoqir i vizitës njëditëshe i shoqatës Dibër dhe Qendër Zhupë ishin udhëheqësja dhe kryetari Petrit Imami. Biseda ishte në drejtim të vazhdimit të bashkëpunimit. Në fillim, kryetari i shoqatës së Dibrës Petrit Imami i ka informuar mysafirët nga Struga në lidhje me situatën aktuale të shoqatës me ç'rast ka theksuar se për arsye të pandemisë nga Kovid 19, disa aktivitete ishin anuluar me qëllim të mbrojtjes së pensionistëve na virusi i rrezikshëm. Ai me këtë rast ka theksuar se në periudhën e përmendur pas paraqitjes së virusit, shoqata është fokusuar në drejtim të mbështetjes së pensionistëve me probleme sociale, më pastaj në dezinfektimin e objekteve ku ata lëvizin, por gjithashtu shoqata vëmendje të veçantë i ka kushtuar personave të moshës së tretë që ato të vaksinohen kundër Kovid 19.

- Apelimet për vaksinimin e nevojshëm tek numër i madh pensionistësh kanë dhënë fryt, ngase ata kuptuan se vetëm me vaksinim ka shpresë se virusi do të zhduket. Ishin anuluar më shumë aktivitete siç është pjesëmarrja në lojërat sportive pensioniste, ekskursione e të tjera, që do të thotë se ishin reduktuar aktivitete për arsye të virusit. Tanimë kemi situatë më të mirë për rritjen e aktiviteteve të pensionistëve - ka theksuar Imami. Sipas tij, do të vazhdojë edhe më tutje bashkëpunimi i frytshëm me shoqatën nga Struga ngase marrëdhëniet e dy shoqatave i kemi tradicionale dhe shumë të mira.

Kryetari i shoqatës të Strugës Millorad Tërpevski i cili ishte i shoqëruar nga sekretari Izeir Mustafai, në takim ka potencuar se shoqata në Strugë, ka luajt rol të madh në vaksinimin e pensionistëve. Ai gjithashtu ka theksuar se edhe në situatë pandemie me respektim të masave për mbrojtje nga Kovid 10 janë realizuar shumë aktivitete.

- Kemi pasur dhe do të kemi bashkëpunim të shkëlqyeshëm me shoqatën dibrane. Besoj se bashkëpunimi do të vazhdojë me gjithë pauzën e deritanishme për arsye të pandemisë, - ka thënë kryetari i ShP Strugë, Tërpevski.

Në kuadër të vizitës të udhëheqësve strugan të ShP Dibër - Qendër Zhupë, ishin edhe kryetaret e Aktiveve të grave pensioniste nga dy shoqatat, Elizabeta Llazarevska dhe Marionka Ushtelenca. Ata gjithashtu janë marrë vesh që të vazhdojë bashkëpunimi me qëllim të realizimit të aktiviteteve që kishin para dy viteve. Ata kanë vlerësuar se bashkëpunimi sipas traditës është i shkëlqyeshëm i cili është në pajtim me Programin e shoqatave, e gjithashtu do të vazhdoj edhe në vitin 2022.

**Vjollca Sadiku**

# Urtësitë e Rumit - Mevlana

Xhelaludin Muhamed Rumi, është i njohur edhe si Mevlana, i cili ishte poet, dijetar islamik, mendimtar dhe humanist. Urtësia dhe mendimet e tij nuk e humbin peshën dhe domethënien e tyre as edhe me shekuj më pas. Është i lindur në Belha (Afganistanin e sotëm) në vitin 604, sipas llogaritjes islamike, respektivisht më 29 shtator 1207 (Shekullin e 13)

"Kam parë shumë njerëz të cilët nuk kishin veshje, por edhe shumë veshje në të cilat nuk kishte njerëz".

"Ata të cilët flasin gjuhën e njëjtë nuk mund të pajtohen. Vetëm ata të cilët i ndajnë të njëjtat ndjenja mund të pajtohen".

"Pasionet janë si zjarr, ndërkaq dëshirat si dru. Zjarri fiket kur do të mbetet pa dru, ndërkaq pasionet kur dëshirat e tyre nuk plotësohen".

"Nëse një qiri ndez qiri tjetër, ai nuk do të humb asgjë nga drita e tij".

"Dy gjëra e zhdukin jetën e një personaliteti: tradhtia e cili i vjen nga miku dhe mëshira që i vjen nga armiku".

"Zbulimi i fshehtësive të personalitetit e cila dëshiron të flas shumë është e njëjtë sikur të vëni ujë në shtambë të thyer".

"Eduko së pari zemrën tënde, më pastaj gjuhën. Sepse fjalët vijnë nga zemra e më pastaj nga goja".

"Kur të kuptuarit bashkohet me të kuptuarit tjetër, drita zmadhohet, ndërkaq rruga ndriçohet. Kur egoja bashkohet me ego tjetër, errësira zmadhohet dhe rruga errësohet".

"Emrat nuk janë të rëndësishëm. Roza do të kishte erë të mirë edhe sikur të thuhej edhe ndryshe".

"Nuk është për tu habitur kur delja ik nga ujku, por është për habi kur ajo dele do të dashurohet në ujk".

"Dëgjova se më fol. Vërtet më befasove që nuk më flet në fytyrë por pas shpine. Frikohesh nga unë i pafuqishëm, ndërkaq duhet të frikohesh nga Zoti".

"Edhe loti ka detyrë. Detyra e tij është që të pastrojë terrenin për qeshjen e cila vjen pas sajë".

"Ushtroni pak dy gjëra, ndërkaq një shumë: hani pak, - flitni pak, - mendoni shumë".

"Dashuria nuk ka ngjyrë gri. Kur bëhet fjalë për dashurinë, duhet të vendosni për të zezë ose të bardhë".

"Gjarpri mundet vetëm të ta marrë jetën, ndërkaq miku i keq mund të të çojë në ferr".

"Kujdes me kë shëtit dhe me kë shoqërohesh, ngase bilbili çon në kopshtin me rozë, ndërkaq sorra kah plehu".

"Mos shitni pasqyra në çarshinë e të verbërve dhe mos këndoni këngë në çarshinë e të shurdhërve".

**M.D.**

# Зошто се чувствуваме добро кога пееме?

Едно истражување покажува дека треба да пееме што повеќе бидејќи тоа е добро за здравјето.

Во тек е истражување за психичките и физиолошки предности на пеењето, а првичните резултати ветуваат многу. Во научниот експеримент учествуваа 1.779 лица што членуваат во хорови низ светот.

Според научниците, испитаниците се доказ дека пеењето го подобрува здравјето и позитивно влијае врз поврзаноста со другите, когнитивната стимулација и менталното здравје.

Ова истражување само ги дополнува другите слични истражувања за пеењето што биле спроведени претходно. Според експертите, пеењето го подобрува расположението, а пеењето во хор создава чувство на групен идентитет. Тоа чувство на припаѓање произлегува од лачењето на хормоните ендорфин и окситоцин во текот на пеењето.

Овие два хормони помагаат во намалувањето на стресот и подобрувањето на расположението.

Според некои истражувања, групното пеење помага и против депресијата и анксиозноста и многу е корисно за лица што страдаат од деменција и Паркинсонова болест.

Исто така било утврдено дека членовите на еден хор имаат ист пулс и тоа само по 5–6 минути заедничко пеење.

Згора на тоа, пеењето го подобрува и здравјето на дишните патишта. Истражување од 2014 година покажало дека пеењето ги олеснува симптомите на астма.

Ете зошто се корисни пензионерските ревии на песна музика и игри, покрај зачувување на нашето културно богатство со какво ретко кој може да се пофали во Европа, па и во светот! **Т.Г.**

# Грешки што ги правите пред да ви земат крв!

За лабораториски анализи пожелно е да се работи „на празен стомак", што значи дека не треба да јадете цели 12 часа пред да ви земат крв. Наутро, на денот на вадењето на крвта, дозволено е да се пие само малку вода, а исклучоци се прават само во итни случаи.

Бидејќи храната и продолженото гладување имаат директно влијание врз метаболизмот на јаглехидратите, липидите и протеините, неопходно е да се направат некои анализи на празен стомак. Важно е да се знае дека ефектот на протеинските (месни) оброци е поголем од ефектот на оброците со јаглени хидрати (леб, тестенини, колачи).

На празен стомак задолжително се прават анализи на шеќер во крвта, триглицериди, холестерол, витамин Б12, фолна киселина, алкална фосфатаза, бета – CrossLaps (коскен маркер), остеокалцин, железо, кортизол, како и при изведување на тест за издишување. За Helicobacter pylori, PTH и хомоцистеин. За да се одредат тумор маркери, не треба да се гладува. Но да тргнеме по ред:

Пред вадење крв последниот оброк пред утрешното земање крв треба да биде лесна вечера, најдоцна до 19 часот. Наутро на денот на вадењето на крв не е дозволено ништо освен малку вода, а 48 часа пред земање на крв избегнувајте лекови (освен задолжителните), посилен физички напор и алкохол.

За одредување маснотии во крвта, две недели порано, треба да јадете нормално, но шзбегнувајте вежбање и алкохол два дена пред да земете крв. Ден пред земање крв се препорачува да се јаде храна со малку маснотии и да се избегнува кафе по 19 часот.

Земањето крв не треба да се врши пред да поминат 8 дена од акутен миокарден инфаркт, операција, траума, бактериска или вирусна инфекција.

За одредување на железо во крвта, два дена порано не пијте сокови збогатени со витамини (боровинки, црни рибизли, капини, цвекло), цедевита и вино од капини, бидејќи лажно можат да го зголемат железото, па наодот нема да важи.

За толеранција на гликоза (OGTT) пациентите не треба да јадат најмалку 8, а најмногу 12 часа. За време на тестот, пациентот цело време е во лабораторија. За тоа време не смее да пуши, да јаде, да пие или да се напрега.

За одредување тромбофилија (крв од периферна вена) не смеат да се прават додека пациентот е на терапија за разредување на крвта поради ефектот на терапијата врз резултатите од тестот.

При одредување тироидни хормони од крвта, терапијата со тироидни хормони може да влијае на резултатот, па затоа е важно да не го земате лекот на денот на земање крв. Можете да го земете веднаш по тестот.

За одредување на крв во столицата, лекови треба да се избегнуваат седум дена пред да се даде примерокот (освен потребните што ги пропишал лекар). Одложете го тестот доколку имате дијареа, крварење од хемороиди и уринарниот тракт.

Собирање урина (единечно) – Мора да поминат најмалку 4 часа од последното празнење на мочниот меур. Првиот млаз се фрла, а средниот се собира во стерилен сад.

24–часовно собирање урина (биуре) – Започнува со втората утринска урина. Урината се собира во текот на денот и ноќта и се чува на ладно место. Следниот ден се додава првата урина и се носи во лабораторија.

Тест за издишување за Helicobacter pylori – Наутро ништо не смеете да јадете и пиете, дури ни да ги миете забите. Тестот се изведува најмалку 4 недели по последната доза на антимикробниот лек и 2 недели по антисекреторниот лек. **М.Д.**

ЗП Свети Николе

# Што помалку да се среќаваме во амбуланта



Коронавирусот го диктира животот на целата планета. Како сите така и пензионерите се приспособуваат во коронаситуацијата и наоѓаат начин да ги остварат зацртаните активности. Активностите се сведуваат на минимум, се почитуваат мерките од Министерството за здравство и препораките од СЗПМ, со цел да се заштити здравјето на луѓето од третата доба. Во клубот на пензионери на ЗП Свети Николе, неодамна се одржа средба со ОО на Црвениот крст од општината, по повод „Недела на грижа на старите лица", на која д–р Љупчо Арсов со својата екипа и средношколки волонтерки, на пензионерите им мереа телесна температура, крвен притисок и шеќер во крвта. Д–р Арсов со задоволство прифати да даде одговори и на неколку прашања весникот „Пензионер плус".

– Најнапред благодарам за можноста и честа што ми е дадена да можам и на овој начин да им помогнам на луѓето од најстарата популација. Јас сум девет години претседател на ОО на Црвен крст и соработката со ЗП Свети Николе ни е одлична. Секоја година по повод „Недела за грижа на стари лица", на пензионерите им мериме неколку параметри кои ја покажуваат нивната здравствена состојба. На овој начин се откриваат и некои состојби за кои тие дотогаш не знаеле. Исто така, им даваме и совети за превенција и за лекување. Како и секогаш и овој пат и покрај пандемијата одѕивот на пензионери беше задоволителен, иако пензионерите и старите лица можат да се јават и на нашиот бесплатен телефонски број и да добијат совети, како и помош за купување на лекови, храна и др. Исто така, за нега на стари изнемоштени луѓе во тек е обука на персонални асистенти, кои ќе бидат обучени за пружање стручна нега во зависност од случај до случај, од два до четири часа.

● **По извршените прегледи, кажете ни колку се здрави светиниколските пензионери?**

– Резултатите покажаа дека нашите пензионери добро се грижат за своето здравје. Само неколку од нив имаат проблем, и на нив им дадов совет за понатамошен третман.

● **Покрај пандемијата на коронавирусот, се очекува и сезонскиот грип. Како највозрасните луѓе најдобро да се заштитат?**

– Сега е сезоната на настинки и грип. Добар број од нив имаат примено вакцина за грип и тоа е добро. Покрај тоа, треба да внимаваат на исхраната, почесто да земаат помали оброци, да избегнуваат многу масна храна, да консумираат најмалку еднаш неделно риба, многу овошје и зеленчук, да бидат физички активни, по можност да шетаат помеѓу 11–14 часот бидејќи минусните температури штетно влијаат на крвните садови. Исто така, да ги почитуваат препорачаните мерки, како и редовно да ја земаат терапија. Им посакувам добро здравје, весел дух и во Новата 2022 година што помалку да се среќаваме во амбуланта. **В. Петрушева**

# Внимавајте со консумирање фармацевтски антибиотици

Денес, фармацевтски антибиотиците се земаат не контролирано. Ако лекувате специфична инфекција, секако дека спасуваат животи, но и да се земаат антибиотици – без нашиот имунитет нема ништо! Од друга страна постојат голем број природни биотици. Голем број на билки се природни антибиотици. Така на пример ориганото, а особено дивото оригано, се користи кај пациенти со тешки воспалителни заболувања на белите дробови бидејќи ги убива бактериите.

Со нашиот начин на живот создадени се одредени болести, како што се на пример, воспалителни болести на цревата, кронова болест, улцеративен колитис и други. Тоа се болести кои се појавиле затоа што сме станале премногу чисти. Додека сме имале почести инфекции, додека сме биле „повалкани", природно сме го поттикнувале нашиот имунолошки систем. Но, откако сме почнале да се тушираме со сапун и тоа некогаш и повеќе пати во денот, работите се смениле. Се тврди дека антибактериските сапуни убиваат 99% од бактериите. Зошто да ги убивате? Повеќето бактерии во светот воопшто не се заинтересирани за луѓето. Досега има откриено 440.000 видови бактерии, а само неколку од нив се заинтересирани за нас. Во вкупната биомаса на Земјата – ние сме незначителни, – велат некои еминентни истражувачи.

Кога луѓето се премногу „чисти", имунитетот не е стимулиран, не се создаваат антигени.

Факт е дека антибиотиците спасуваат животи, но не треба да се земаат за превентива. Антибиотиците ги уништуваат бактериите, но сличноста меѓу нашите и бактериските клетки е многу голема. Постојат околу 20.000 синтетички антибиотици, а само некои се користат бидејќи сите други се токсични, дури смртоносни за луѓето, велат истражувачите и додаваат: Антибиотиците не лекуваат ништо без нашиот имунитет. Ако немате доволно бели крвни зрнца, ќе умрете... На пациентите кои немаат доволно леукоцити, можете да им дадете каков било антибиотик – пациентите тешко ќе преживеат. Антибиотиците ги убиваат бактериите и го забавуваат нивниот раст, но без нашиот имунолошки систем, нема ништо. Кога пиете антибиотици по четврти или петти пат, се јавуваат нарушувања на белите крвни зрнца. Антибиотиците се неопходно зло, но има многу природни антибиотици кои не се штетни, а кои за жал, слабо ги користиме, велат познати истражувачи и лекари. Еден од нив е лукот на пример... Алицинот од лукот е еден од најсилните антибиотици што ги имаме. Прополисот содржи 64 природни антибиотици и не постои бактерија која е отпорна на него. Фатмацевските антибиотиците треба да се користат за она за што се наменети, а тоа се бактериски инфекции, кои вообичаено се 2% до 4% од инфекциите, а сите останати се вирусни!

Респираторните инфекции се болести кои поминуваат и сами по себе. Повеќето лекари и пациенти мислат дека ако земаат антибиотици, ќе спречат компликации.

Би било одлично – имаш инфекција, пиеш антибиотик и не добиваш пневмонија. Тогаш никој не би имал пневмонија, но тоа не функционира баш така. Секој сака да се опорави што е можно поскоро и да нема компликации и прво на што помислува е земање на антибиотици. И лекарите ги плашат пациентите по принципот дека ако не го земете, ќе се случи тоа и тоа. На прашањето – зошто препишавте антибиотик, првиот одговор на лекарите бил: „Ако не препишам јас, колегата ќе препише и ќе ме озборува", а вториот одговор бил: „Ако не препишам, а се создадат компликации и од други причини, вината ќе ми ја препишат мене".

И на крајот, зошто сме болни ако за тоа не се виновни бактериите? Нашиот главен проблем, велат истражувачите, е малку движење и многу стрес. И депресијата води до болест! Се разбира виновни се и вирусите, но на нив не делуваат антибиотиците!

**Б. А.**

# Значајни занимливости за Македонија

– **Македонскиот рудник „Алшар"** на планината Кожув е единственото наоѓалиште во светот на талиум и потенцијален „рудник" на еколошки чиста енергија. Од 2004 година рудникот е евидентиран како споменик на природата.

– **Во Македонија се наоѓа единственото европско наоѓалиште на рубини.**

Многу скапоцени камења што можете да ги видите во светските каталози се прокриумчарени од Прилепско. Рубини во Македонија има во лежиштата на доломитските мермери како што е прилепскиот сивец.

– **Најскапата колекција монети која е продадена во светот е од Македонија** и тоа колекцијата пеонски монети кои биле украдени од Македонија, а продадени на аукција во големата „Сотби" аукциска куќа.

– **Најславниот од сите римски патишта во најтешкиот свој дел врви низ Македонија, патот - "ВИА ИГНАЦИЈА".**

– **Пештерата Пешна** во Македонски Брод во „Њујорк тајмс" е опишана како идентична на измислените пештери во филмот „Господарот на прстените".

– **Најквалитетниот опиум** на светот е македонскиот со 14 морфиски единици. Втор по квалитет е пакистанскиот со 7 морфиски единици, а колумбискиот со околу 3,5.

– **Дел од крстот на кој е распнат Исус Христос** има во темелите на манастирите „Св. Богородица Пречиста", Кичевско, во темелите на „Св. Јован Бигорски" како и во манастирот „Св. Георгиј Победоносец" во с. Рајчица, Дебарско.

– **Мајка Тереза** е родена во Скопје, друга позната личност која живеела и се школувала во Македонија е и таткото на модерна Турција **Мустафа Кемал Ататурк.**

– За **татко на модерното воено инженерство** се смета Дијад во времето на Александар Македонски, кој измислил низа опсадни машини меѓу кои и катапултот.

– **Гробот на славниот Грк Зорба** е во Градските гробишта во Бутел. Алексис Георгиос Зорба кој бил инспирација за романот „Гркот Зорба" живеел во Скопје, имал жена и деца, а во 1942 починал тука.

– **Најпознатата песна за Палестина е всушност напишана од Македонец**. Панде Манојлов, новинар и писател од Битола напишал песна за Палестина во далечната 1982 година и ја објавил во весникот „Нова Македонија" и денес истата е своевидна химна на Арапскиот свет.

– **Анастасие I (Flavius Anastasius)** византиски цар (491–518) е најзаслужен за градбите во Македонија – Самоилова тврдина, Маркови кули, Скопско кале итн, се од Јустинијан I.

– **Во Скопје животот континуирано трае најмалку 7000/8000 години**. Докази се Неолитската тумба во Чаир, Неолитската тумба во Маџари и неолитската населба на Калето во Скопје.

– Музиката во Македонија датира од 11 век. **БОЛОЊСКИОТ ПСАЛТИР** е напишан на кирилица во селото Равен, Охридско, а во Охридскиот музеј се чуваат нотни писма 14 музички ракописи кои датираат од 10 до 14 век.

– **Најстарото дрво во Македонија** Платанус Ориенталис во Охрид познато како Чинарот, расте од времето на св. Климент Охридски во 9 век.

– **Во манастирот „Св. Ѓорѓија Победоносец" се изработуваат митри** кои се мошне квалитетни и барани. Нив ги носат великодостоинственици на православните цркви во Америка, Африка, Русија, Грција, Украина, Бугарија, Романија, Србија, Црна Гора и во други држави, ерусалимскиот патријарх и вселенскиот патријарх Вартоломеј.

– **Македонија има 34 планини, 53 природни и вештачки езера**, најстарото во Европа – Охридското Езеро е и најдлабоко на Балканот. Старо е *4 милиони години*.

– **120-те кукли во Куклица во близина на Кратово** се стари *10 милиони години.*

– **Браќата Манаки в**о 1905 год. во Битола отвораат ново „Студио за уметничка фотографија" и учествуваат на големата светска изложба на фотографии во романскиот град Синаја 1906 година, каде што освојуваат прво место и златен медал.

– **Првата црква, првата покрстена во Европа е Македонката Лидија.** Во 50 година по Христа, Ап. Павле како пастир на Христијанството сакал да оди во Азија но како што се вели во Библијата и Новиот завет во „Дела апостолски 16.13 –" пишува: Преку ноќта на Павле му се јави привид: стоеше пред него еден човек, МАКЕДОНЕЦ, кој го молеше и му велеше: Пријди во МАКЕДОНИЈА и помогни ни! Павле тогаш доаѓа во Македонија и основа нови цркви, по градовите – Филипи, Бер, Стоби и Охрид, со што симболично и патот на Павле е во облик на голем крст над Македонија.

– **Првата железничка пруга на Балканот Салоника - Скопје** е изградена во 19–тиот век.

– **Еден од преживеаните од бродот Титаник е Македонец. Стојко Додоловски** од село Чучер, Скопска Црна Гора.

– Во околината на Неготино се пронајдени коски, за кои се претпоставува дека му припаѓаат на животно старо од 2 до 10 милиони години, а човекот од Егејска Македонија е постар дури и од познатиот неандерталец од Германија, кој се проценува на 30 000 – 100 000 години старост.

– **Лесновскиот манастир е Прва монашка република на Балканот.** Во него постоело книжовно училиште – „Лесновски скрипторум" и тоа уште од половината на XI век, а во него се наоѓала и најголемата библиотека на Балканот, со огромен фонд на книги и ракописи собирани од најстарите времиња и најдалечни краеви, но и создавани тука на автохтоното македонско подрачје.

– **Првите карпести гравири создадени се во Македонија** се откриени во Пелагонија, во Славишко поле – Крива Паланка, во северниот дел на кумановскиот регион, во селата Тополовиќ, Горно Кратово и во други краишта на нашата земја. Според наводите на Емануел Анати од Италија, директор на Светскиот архив за карпеста уметност и на францускиот академик Жан Клод, Македонија е земја со најголем број ваков вид карпеста уметност во светски рамки.

– **Според НАСА, Кокино е 4-тото** на листата најстари опсерватории во светот, стара 4 милиони години.

Ова е само мал дел од она што го знаеме или не го знаеме за нашата земја и нашето потекло.

**Подготвила Б. М.**


Кредит за пензионери до 75 години
До 120 000 ден. на 36 месеци
Севкупен трошок 2 929 денари
Земи 30 000 денари
Врати 32 929 денари на 4 рати
Аплицирај за кеш кредит во експозитура, на www.iutecredit.mk, преку мобилната апликација MyIute или на телефон 13 333. Ние ќе ти помогнеме при аплицирањето.
Парите се достапни за 15 минути.
iutecredit


Пензија на 1-ви!
Станете корисник на услугата Пензија на 1-ви и очекувајте ја Вашата пензија порано од сите други.
Понуда и услуги за пензионери:
· Потрошувачки кредит за пензионери со фиксна каматна стапка во првите ДВЕ години почнувајќи од 6,75% и вклучена полиса за животно осигурување;
· Максимален износ до 300.000 МКД;
· Трансакциска сметка и дебитна картичка;
· Без надоместок за следење на Електронско банкарство.
За дополнителни информации посетете ја нашата веб-страница www.sparkasse.mk или информирајте се преку Контакт центарот на телефонскиот број 02-3200-600.
SPARKASSE Bank
Банка на вашето семејство
*Клиентот при доспевањето на последната рата од кредитот може да има максимум полни 70 години.
14,28% СВТ за потрошувачки кредит на износ од 300.000 МКД; рок на отплата 6 години; фиксна каматна стапка од 6,95% п.а. за првите две години и променлива каматна стапка од 8,75% п.а. за преостанатиот период; трошоци за апликација 1.000 МКД; провизија за одобрување на кредитот 1.000 МКД и премија за животно осигурување за лице на 64 години од 42.229МКД (според условите на осигурителната компанија). Врз висината на СВТ влијае рокот на отплата на кредитот, износот на кредитот, надоместоците за аплицирање и обработка на барањето за кредит, премијата за животно осигурување како и висината на номиналната каматна стапка.




## ЗАНИМЛИВОСТИ

### Сигмунд Фројд

Ако сте талентирана личност, тоа не значи дека сте добиле нешто. Тоа значи дека можете да дадете нешто.

Како всушност да се спротивставите на навредите и лошото однесување кон вас? Не се расправајте, туку кажете „Да“ на секоја негативна претпоставка со мирно лице.

Нашата личност е дел од светот околу нас.

Верба е кога ќе го направиш првиот чекор, иако не ги гледаш цели скалите.

Конструктивната критика од блиска личност на која и верувате треба да се прифати, но навредите во комуникацијата од негативни луѓе можат да бидат отровни стрели.

Ако не можеш да леташ–трчај, ако не можеш да трчаш – оди, ако не можеш да одиш – ползи, но што и да правиш мора да се движиш напред!

Лагата е како топка снег: колку подолго се тркала, станува сè поголема, но кога ќе застане – се топи.

Здравиот човек не ги мачи другите. Оние кои се измачувани, во принцип се претвораат во мачители.

Не можете да се одбраните од негативноста на другите луѓе, таа секогаш ќе постои, но вие избирате колку тоа ќе влијае на вашиот живот, како и колку ќе реагирате.

Луѓето се емотивни суштества и честопати критиката, осудата или навредата од другите луѓе може да не доведе до очај, непријатност и да ја уништи нашата самодоверба.

Мора да го прифатиме разочарувањето, но не смееме никогаш да ја напуштиме бескрајната надеж:

Секогаш е вистинско време да се направи вистинската работа.

Лицето кое ве навредува има само една цел, да ве повреди. Фројд рекол: „Силната личност никогаш не го презема товарот на туѓите изјави“.

Моќта на мирното „да“ е способна да го уништи секој психолошки притисок, затоа што едноставно ја лишувате личноста од можноста да ве повреди со нешто и не се браните, и не го докажувајќи спротивното, туку едноставно девалвирајте го секој негов напад мирно, лишувајќи го непријателот од неговата цел.

Покрај магичното „да“, за да се заштитите од навреди, важно е да развиете самодоверба. Не дозволувајте вашиот мир да зависи од надворешната евалуација.

Здравата самодоверба е проценка за себе, а мислењето за себе е вредносен суд, кој иако често може да биде површен и субјективен, може да ве заштити од омаловажување и да ве прикаже во поповолна светлина од другата личност и нејзиното навредливо однесување.

Ако сите луѓе се осудуваат само себеси и не ги ценат или потценуваат другите, навредата ќе изумре како феномен.

Почитувајте се себеси и не дозволувајте токсични луѓе да ви ја украдат енергијата.

Опкружете се со позитивни луѓе кои ве сакаат, почитуваат и поддржуваат.

## КРСТОЗБОР

| сз пм | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | сз пм | 7 | 8 | 9 | сз пм | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | | | | | | | 17 | | | | 18 | | | | | | |
| 19 | | | | | 20 | | | | | | | | 21 | | | | |
| 22 | | | | 23 | | | | | 24 | | | | | 25 | | | |
| сз пм | 26 | | | | | | 27 | | | 28 | | | | | | 29 | |
| 30 | | 31 | | | | | | 32 | | | 33 | | | | | | 34 |
| 35 | | | | 36 | | | | | 37 | | | | | 38 | | | |
| 39 | | | | | 40 | | | | | | | | 41 | | | | |
| 42 | | | | | | | 43 | | | | 44 | | | | | | |

**Хоризонтално:** 16. Примерок од нешто; 17. Трицифрен број; 18. Лице кое дава услуги во фризерница; 19. Покраина во Грција; 20. Млада невеста; 21. Јадрански остров близу Задар; 22. Свечена песна; 23. Синагога; 24. Освежителен пијалак со мала содржина на алкохол; 25. Лут корен; 26. Дипломатски службеник; 27. Автознак за Турција; 28. Повекегодишно доста токсично растение со пурпурни гроздести плодови; 29. Знак за грам; 30. Втората буква; 31. Среќен,безгрижен и хармоничен живот; 32. Хемиски симбол за тантал; 33. Највисок правен акт на една држава; 35. Поет и музичар од Арголида; 36. Грофовија во Ирска; 37. Дел од агол; 38. Пат (лат.); 39. Наша нафтена индустрија; 40. Планински превој близу Прилеп (995м); 41. Место во Општина Зелениково; 42. Руски композитор на сериозна музика, Михаил (1804–1857); 43. Заменка; 44. Град во Финска.

**Вертикално:** 1. Кинеско машко име; 2. Млечен прехранбен производ,изварка; 3. Лице што исполнува незначителни улоги на сцена (мн.); 4. Туристичка агенција (крат.); 5. Автознак за Романија; 6. Обвивка, омотница; 7. Учесник на свадба; 8. Автознак за Тетово; 9. Место во Словенија; 10. Месецот во кој се наоѓаме; 11. Знак за радиус; 12. Хемиски симбол за иридиум; 13. Зеленчук; 14.Поранешен светски шаховски првак, Макс (1901–1981); 15. Степен, чин;17.Буква од абецедата; 18. Германски поет, романтичар, Лудвиг (1773–1853); 20. Љубовник (турц.); 21. Град во Русија; 23. Старогрчки бог на подземјето; 24. Издаденост на копното во море; 25. Коњ; 26. Онлајн платформа; 27. Град во Франција; 28. Вода (лат.); 29. Многу силен ветер; 31. Ум (турц.); 32. Името на американскиот боксер Нортон (1943–2013); 33. Хемиски симбол за радиум; 34. Вид долгоопашест папагал; 36. Преноќиште; 37. Хемиски симбол за телур; 38. Буква од арапското писмо; 40. Знак за кралот во шахот; 41.Знак за метар.

**Лик и состав: Георги Хаџи-Васков**

**Решение: мустра, сто, фризер, Арта, невесте, Рава, ода, авра, пиво, рен, аташе, ТР, крмаз, г, Б, идила, Та, устав, Лас, Корк, крак, виа, ОКТА, Плетвар, Таор, Глинка, неа, Иматра.**

## Хумор

Трпе оди на преглед за висок притисок.
– Не треба да јадеш месо.
– А шо да јадам?
– Па сливи, грозје, круши...
– Јас тоа го пијам, кажи шо да јадам?!

* * *

Женската го носи своето момче дома на ручек за прв пат.
И момчето му се обраќа на таткото на девојката:
– Јас сум во врска со вашата ќерка веќе 5 години.
– Е добро, и што сега, да не сакаш да ти дадам пензија?!

* * *

– Трпано, а зашто се ти свак д'н шминкаш?
– Па да биду убава!
– Па к'д ќе бидеш...?

* * *

Трпана и се жали на Цвета:
– Готово е, не можам да издржам веќе, решив ќе се разведам од Трпе.
– Дали сакаш да ти најдам добар адвокат?
– Е сега е касно, веќе си најдов еден милицаец од Ѓорче.

* * *

Во банка:
– За што земате кредит?
– Ќе возиме до Штип, на пастрмајлија...

* * *

Трпана го прашува Трпе:
– Трпе што ќе ми купиш за 8–ми Март?
– Ништо.
– Можеш барем да ми кажеш дека сум убава.
– Ааа тоа ќе направам за 1ви Април.

* * *

Доаѓа Трпе од прошетка и ја прашува Трпана:
– Што има за ручек?
Трпана му одговара:
– Еве јас!
Трпе ја погледнува и одговара:
– Па нели знаеш дека не смеам да јадам мрсно...

* * *

Трпе се враќа дома камен пијан, а на вратата го чека Трпана со метла во раката.
Трпе паѓа на колената, ги скрстува рацете како за молитва и со тажен глас и вели:
– Те молам немој да одлеташ... последен пат ми е ова, ти ветувам.

* * *

Трпе доаѓа дома и ѝ се обраќа на Трпана:
– Жено еве одлучив од денес да не се расправам со тебе.
– Како бе тоа сам си одлучил?!

* * *

Дедото му вика на зетот:
– Епа зете, сега откако се ожени гледај да не правиш веќе глупости.
– Нема, оваа ми беше последна.

Малиот Трпе:
– Мамо, ќе имаме тест по географија. Каде се наоѓа Франција?
– До Шпанија, сине.
– А Бермудите?
– Во втората фиока од плакарот...

## Паунот и враната

Се собрале птиците за да си изберат поглавар. Меѓу нив најмногу се трудел да го изберат паунот кој сметал дека е најубав.

– Залудно се правиш важен – му рекла враната на паунот.

– Како ќе ни помогнат твоите убави пердуви кога ќе дојде орелот? Треба да го избереме најхрабриот и најумниот, а тоа не си ти, иако опашот ти е шарен. Него можам да го убијам само јас затоа што сум храбра и умна.



ЗП Демир Хисар

# Усвоени значајни документи

Извршниот одбор на ЗП Демир Хисар ја одржа редовната седница која ја раководеше претседателот на Извршниот одбор Кирило Блажевски. Тој даде воведни забелешки и го истакна значењето на седницата од аспект на донесување важни документи и одлуки за работа и натамошно дејствување. На неа, покрај членовите на ИО присуствуваше и делегатот во СЗПМ Иван Коруновски.

Разгледани и прифатени беа извештаите за работа на комисиите за спорт и култура, за здравство и на Активот на жени. Но поради ситуацијата со ковидот и пандемијата извештаите не се многу содржајни со активности. Во фокусот на расправата беше и извештајот од Надзорниот одбор за финансовото работење за период јануари – декември 2021 година, кој детално го образложи претседателот на НО Пере Петрески, во кој детално и прецизно, по различни ставки е објаснето за што и колку е потрошено. Впрочем, отчетноста за секој еден потрошен денар е дамнешна одлика на раководството на Здружението. Разгледан беше и финансовиот план за 2022 година, истиот беше дополнет со нови предлози и едногласно усвоен.

Предлог–програмата за работа за наредната година ја презентираше претседателот Кирило Блажевски. Програмата ги содржи планираните програмски активности на Здружението за 2022 година, во која фокусот е ставен на унапредување на стандардот на пензионерите и справување со пандемијата. Расправата по сите точки на дневниот ред беше мошне конструктивна, со мислења и предлози за унапредување на работата на Здружението.

Како заклучок беше кажано дека ЗП Демир Хисар во сите области покажува подем во квалитетот на работата и постигнува забележителни успеси, со домаќинско работење и рационално и наменско трошење на средствата, и покрај специфичните услови заради пандемијата. **З. Стевановски**

ЗП Крива Паланка

# Донација на книги

Трајан Гоцевски е автор на голем број книги. Тој е и некогашен долгогодишен професор и декан на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Скопје. Познат е и како првиот министер за одбрана во првата Влада на самостојна Република Македонија. Гоцевски потекнува од Делчево, а врската со Крива Паланка е преку неговата сопруга.

Во разговор со претседателот на здружението на пензионерите Трајче Давидовски слушнал за отворената библиотека во клубот на пензионери од ЗП Крива Паланка и решил по повод Новогодишните и Божиќните празници да донира дваесет и две книги на библиотеката.

Донацијата ја прими претседателот на здружението Трајче Давидовски кој се заблагодари од негово лично име, од име на присутните пензионери и од име на здружението на Крива Паланка. Авторот Гоцевски ги поздрави присутните пензионери и пријатели и им ги честита Новогодишните и Божиќните празници. Во обраќањето тој препорача да се прочитаат подарените книги бидејќи се со тема за создавањето на независна Република Македонија, односно во нив е опишана историјата на еден народ исполнета со безброј настани кои на еден или на друг начин оставиле неизбришливи траги врз неговиот стопански, културен, национален и верски идентитет кој тешко може да се избрише од реалноста. Еве само неколку наслови: „Економика на одбрана", „Економија на образованието", „Основи на системот на национална одбрана", „Одбранбено осамостојување на Македонија" која е посебно значајна за Крива Паланка затоа што во неа е прикажан свечениот чин на примопредавање на караулите: Раменанива, Деве Баир и Коприва во присуство на Гоцевски како министер за одбрана, пред многубројна делегација од Владата на тогашна суверена Македонија. Секако не изостанало и присуството на делегација од Крива Паланка и од граѓани на градот. На свеченото примопредавање за првпат на единаесетти март 1992 година е развиорено македонското знаме и границата е обезбедена со наша македонска војска.



**Б. Стојчевска**

ЗП Дебар – Центар Жупа

# Вакцинацијата надеж за заеднички средби

Со појавата на пандемијата ковид 19 беа редуцирани повеќе средби на пензионерите како во Дебар така и во другите општини од нашава држава. По околу две години во здруженијата се обновени средбите на пензионерите. Една од нив е средбата на ЗП Дебар и Центар Жупа со претставници на ЗП Струга, предводени од претседателот Милорад Трпевски. Домаќин на еднодневната посета на здружението Дебар и Центар Жупа беше раководството и претседателот Петрит Имами. Разговорите беа во насока на продолжување на соработката. Претседателот на дебарското здружение Петрит Имами ги информираше гостите од Струга за актуелната состојба на здружението при што рече дека поради пандемијата од ковид 19, беа одложени многубројни активности со цел да се заштитат пензонерите од опасниот вирус. Тој нагласи дека во наведениот период по појавата на вирусот здружението се фокусирало во насока на поддршка на пензионерите со социјални проблеми, во дезинфекција на објектите каде што тие се движат, но дека особено внимание е посветено на укажувањето на лицата од третата доба да се вакцинираат против ковид 19.

– Укажувањата за неопходна вакцинација кај голем број пензионери вродија плод, бидејќи тие сфатија оти само со вакцинација има надеж вирусот да го снема. Беа одложени повеќе активности како што е учество на пензионерските спортски игри, екскурзии итн., што значи беа редуцирани поради вирусот. Сега има подобри можности за зголемување на активностите на пензионерите, – нагласи Имами. Според него ќе продолжи и понатаму плодната соработка со струшкото здружение бидејќи традиционално односите на двете здруженија се мошне добри.



Претседателот на здружението на Струга Милорад Трпевски кој беше придружуван и од страна на секретарот Изеир Мустафаи, потенцираше дека здружението во Струга, одигра голема улога во вакцинирањето на пензионерите. Исто така, нагласи дека и во состојба на пандемија со почитувањe на мерките за заштита од ковид 19 реализираше многубројни активности.

– Имавме и ќе имаме одлична соработка со дебарското здружение. Верувам дека соработката ќе продолжи и покрај досегашната пауза поради пандемијата, – истакна претседателот на ЗП Струга, Трпевски.

На средбата е договорено во наредниот период да се зголемат активностите на членовите на двете здруженија. Во Дебар во рамките на посетата на струшкото раководство на ЗП Дебар и Центар Жупа, беа и претседателките на активите на пензионерки од двете здруженија, Елизабета Лазаревска и Марионка Уштеленца. Тие се договорија да продолжи соработката со цел да се реализираат активностите кои ги имаше пред две години. Лазаревска и Уштеленца оценија дека соработката по традиција е одлична и истата е во согласност со програмите на здруженијата, а така ќе продолжи и во 2022 година. **Вјолца Садику**

ЗП Велес

# Пензионерот Панче Ќурчиев - велешка легенда

Седумдесет и петгодишниот пензионер Панче Ќурчиев е познат велешанец. Заради неговите активности на културен и спортски план тој е познат меѓу велешани и во минатите години, но и денес. Ќурчиев е познат и надвор од Велес како долгогодишен меѓународен судија за атлетика. Панче Ќурчиев е активен и во културниот живот во Велес, како организатор и менаџер на настани на кои учествувале музички ѕвезди од поранешните ЈУ простори.



Покрај ова Ќурчиев има напишано и три книги: „100 години – спорт, музика и велешката Соколана", Алманах за спортот „75 години спортот во Велес" и автобиографска книга за неговиот интересен живот со наслов „Животот мој". За своите активности има добиено голем број, пофалници, признанија, дипломи и плакети. Најдрага му е плакетата од Сојузот на спортисти на Општина Велес, на предлог на Олимпискиот комитет на Македонија за придонес во развојот на спортот за 2020 година, која заради пандемијата од коронавирусот ковид–19 му беше врачена на 29.6.2021 година.

Панче Ќурчиев иако е веќе 75–годишен и понатаму ги следи и бележи спортските и културни случувања во Велес и пошироко. Тоа е содржина на неговите пензионерски денови. **К.С.**

ЗП Солидарност – Аеродром, Скопје

# Од активностите на Клубот на љубителите на книгата




На 28.12.2021 година, во рамките на обновените средби на Клубот на љубителите на книгата, при ЗП Солидарност – Аеродром, Скопје, а во соработка со Здружението на просветни работници литературни творци на Македонија, се одржа промоција на најновата збирка раскази „ОПСТОЈБИ" од Јован Мазгански.

Промоцијата се реализира во клубот Аеродром при ЗП Солидарност–Аеродром, Скопје, со почитување на препораките и протоколите на здравствените власти, за заштита од ковид 19. Збирката „Опстојби" од Јован Мазгански, е носител на втора награда на „Дата Песнопој" од Битола, на конкурсот „Пелистерски ракувања 2021".

Во Збирката се сместени 16 раскази, според авторот, со автентична содржина слушната од своите блиски, но дел од расказите содржат автентични доживувања на авторот.

Содржината во расказите сведочат за едно време, кога македонскиот народ бил подложен на постојани војни за туѓи интереси, но и присилни асимилации од соседните држави. Со изговор – ослободување на своите по вера „браќа" во Македонија, а со амин од тогашните влијателни европски држави, соседите бесрамно го распарчиле и присвоиле вековното македонско ткиво. При крчмењето – приграбувањето, немало никакви етнички, јазични или други критериуми. Веднаш по поделбата се пристапило кон присилна асимилација и/или раселување на месното – македонско население.

Во расказите се среќаваат и други активности од невоен карактер, како што се кражби, убиства, силувања... што се плод на воените дејствија, но не од регуларните армии, туку од банди коишто го пљачкале дезориентираното население. Покрај војните и голготите што тие ги наметнуваат, се среќаваат и содржини од повоениот период, за присилното запишување во селските работни задруги, одземање на вековно печалените имоти и ароганцијата на тогашните власти.

Во третиот блок содржини опфатени се лични доживувања на самиот автор. Време кога состојбите со сообраќајот биле многу поинакви, а согласно со тоа биле поинакви навиките и однесувањата. На крајот, се среќаваат раскази со вековната, автентична одржливост во природата, но и мистерии, коишто тешко се објаснуваат со современите познавања на појавите и материјата.

Со расказите авторот нуди несекојдневни автентични случувања, од историјата на неговиот – Малешевскиот крај, чии содржини се сведок на едно бурно време не само во Малешевијата, туку и во цела Македонија. **Никола Маркоски**

# „Цветинова награда за мир" за Олга Мурџева - Шкариќ



На македонскиот психолог и универзитетски професор Олга Мурџева – Шкариќ денеска пензионер, неодамна ѝ беше доделена „Цветинова награда за мир".

Олга Кирилова Мурџева – Шкариќ дипломирала на Филозофскиот факултет во Белград 1967, магистрирала на Универзитетот во Париз во 1973, а докторирарала на Филозофскиот факултет во Скопје во 1983. Работела како клинички психолог, а од 1973 година е вработена на Филозофскиот факултет во Скопје. Основоположник е на Институтот за психологија, на Балканскиот центар за проучување на мирот, на Студиите за мир и развој при Филозофскиот факултет во Скопје, како и на научните дисциплини развојна психологија, психологија на родот и трансформирање на конфликтите.

– Преку едукацијата за мир најголема промена која се очекува е сознанието дека Мирот почнува од мене! И најдолгиот пат почнува со првиот чекор. Живко Поповски – Цветин има широки полиња на цвеќиња за мирот. Не знам кое цветче било прво, но знам дека во август 1995 година јас носев по четири слики цвеќиња на мирот и книги, подарок од Живко наменети за миротворци од предучилишните организации во склоп на ОМЕП на Јапонија. Два цртежи ги подарив во Јокохама, еден на ОМЕП и еден на здружението Харунире (Млади мајки). На 6 август, присуствував во Хирошима на комеморација во Меморијалниот парк на мирот, по повод 50–годишнината од фрлањето атомска бомба. И таму ги подарив останатите два цртежи „Цвеќе на мирот". Едниот цртеж го примија во гимназијата каде на тој ден од атомската бомба согореле 350 гимназијалки и професори. Другата слика на Универзитетот во Хирошима на студиите за мир ја предадов на 70–годишната пензионирана професорка Масоко Соџи. Беше една од ретките хибакуши која ја преживеа атомската бомба – вели Олга Мурџева – Шкариќ.

Мурџева – Шкариќ раководела низа проекти на меѓународните организации УНЕСКО, УНИЦЕФ, УНДП, ТЕМПУС, ОМЕП и ИПРА. Меѓународен експерт е во областа на развојот на рамноправните односи меѓу половите и развојот на културата на мирот и ненасилството. Објавила повеќе трудови, учебници и прирачници.

– Живко Поповски – Цветин бил кандидат за нобеловата награда 2009 и не ја добил, ама признание е што бил избран во тесниот круг на првите пет од 205 кандидати! И еве сега, почнувајќи од 24 октомври 2021, во РС Македонија Живко Поповски доделува „Цветинова награда за мир"! За мене таа е повеќе од Нобелова награда. Голема чест. И уште поголема обврска! Потребно е големо внимание да се оправда оваа голема награда и доверба! И, ајде, да се свртиме кон заедничко миротворење и кон ширење на кругот миротворци. Патот до мирот е само преку мирот – додава Мурџева – Шкариќ.

**М.Ш.**

## IN MEMORIAM Зија Аслани - дваесет години пензионерски активист

Зија Аслани е роден 1936 година во струшкото село Делогожда, беше еден меѓу најстарите струшки пензионери, кој во својата 86 година изненадно почина во неговото село. Зија Аслани дваесет и една година е пензионерски активист. Пред 21 година го оформил огранокот на пензионери во село Ливада, кој ги опфаќа и селата Делогожди, Корошишта, Поум и Мислодежда. Покрај претседател на огранокот, два мандати е и член на собранието на ЗП Струга и втор човек, потпретседател на ЗП Струга. Зија Аслани, својот живот го имаше насочено кон хуманоста, помош на луѓето од третата доба како волонтер. Скромен, тивок, ненаметлив, но сигурен во сè. Таков го познаваме и како таков замина. Иако живееше во село, тој секојдневно доаѓаше во Клубот на пензионери во Струга.



## IN MEMORIAM Спирко Николовски

Сперко Николовски е роден 1945 година долгогодишен активист во здружението на пензионери од општина Центар. Почина вршејќи ја функцијата претседател на ЗП Центар и на Извршниот одбор. Спирко Николовски како некогашен спортист во два мандати бил и член на Комисијата за спорт и рекреација при Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, а и на Собранието на СЗПМ. Спирко Николовски како член на раководните структури секогаш се фокусирал на прашања од интерес на пензионерите во здружението и во Сојузот.

